**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,07 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Есад Рахиќ, Славица Грковска, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Силвана Бонева, Владимир Ѓорчев, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жереновски, Али Ахмети, Тахир Хани, Даут Реџепи, Флора Кадри, Агрон Буџаку, Верица Филипова, Данаил Дончев, Љубчо Георгиевски и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор Славица Грковска. Таа не е тука.

Има збор Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам почитувани колеги пратеници, дами и господа.

Навистина во текот на изминатите денови беше дискутирано во Собранието за амандманите, за законот во целина и сите сме сведоци дека и дискусиите или анкетирањето со граѓаните говори на необични граѓани, кои што ништо не знаат во однос на овој Пределог закон, не се направени некои отворени дискусии, или тркалезни маси, навистина, да се слушнат забелешките околу овој предлог закон. Во однос на сите тие консултации или тркалезни маси кои што би требало да се направат со локалната самоуправа, мислам дека и верувам дека Општинсите совети, или советниците, или пак градоначалниците, многу малку се запознати со текстот на овој Предлог закон. Ова го велам, затоа што не случајно овој Предлог закон има голем број аномалии. Во себе има многу нејасни работи и не случајно нашите забелешки се навистина во голем број и не случајно ние и натаму стоиме овој Предлог закон да се повлече од Собранието, за да може навистина да донесеме еден закон кој што ќе биде во интерес на сите граѓани, закон кој што ќе наиде на целосна имплементација во нашата земја.

Јас ќе спомнам неколку членови од Предлог законот. Доколку започнеме од членот 19 и внимателно го прочитаме овој член, ќе видиме дека многу недостатоци има овој член и мислам дека овој член треба целосно да се повлече од страна на Министерството, или пак да се прецизираат работите, затоа што не може да фигурира еден ваков член, да даде толку голем простор, да има толку нејаснотии.

Јас ќе го прочитам членот 19. Заради заштита на безбедноста на Република Македонија кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем, или заради спасување на луѓето и имотот при природни непогоди и други несреќи, директорот на Бирото, може од полициските службеници да формира полициски единици за извршување на определени задачи.

Веднаш паѓа во очи дека целата надлежност за формирање на овие единици ги има директорот на Бирото. Кого го информира директорот на Бирото за формирањето на тие специјални сили? Го информира министерот, го информира премиерот, претседателот на државата, или Советот за безбедност. Под чија команда ќе бидат тие специјални сили? Кој ќе биде одговорен доколку има злоупотреби токму во однос на тие специјални сили, како што се случувало порано, кои што ги имаме и во нашата држава и во другите држави кои што имаат искуство со вакви специјални сили. Не случајно тие сили често пати излегле и од контрола. Затоа сметам дека во овој член, бидејќи овој член фигурира, треба јасно да се знае хиреархијата на командувањето на овие специјални единици. И не случајно е оставен толку голем простор, така што никој да нема одговорност. Можеби, заради некое лошо однесување на овие единици итн. Затоа, мислам дека овој во член треба да се интервенира, да се прецизираат нештата. И уште еднаш ќе повторам, директорот на Бирото ги формира тие специјални сили со указ, пред се мислам под сигурност на министерот. Но, дали треба да се информира претседателот на државата, дали треба да се информира Советот за безбедност, дали треба да се информира Владата, не само премиерот. Токму тука е големиот дефект на овој закон.

Јас уште еднаш ќе потенцирам дека овој член треба целосно да се повлече, затоа што уште еднаш ќе кажам, не ретко е извршена злоупотреба и никој не дал никаква одговорност токму за злоупотребата на овие специјални сили, кои што дејствувале во Република Македонија.

Јас посакувам некој пратеник од позиција или опозиција да ме потсети на еден случај каде што еден член на специјалните сили за злоупотребата што ја направил дал отчит, или пак бил одговорен пред некоја институција во државата.

Можеби, не е добро да спомнувам случаи. Имавме случај токму во Радуша, кога младиот Музафер Саити бил земен од специјалните сили и во полициската станица бил тепан до смрт. Мислам дека многумина од пратениците го знаат овој случај, бидејќи сликата од тој насатан одеше на ББС и на крајот тие кои што направиле злоупотреба на својата задача го фрлиле младиот на пат, дури не го однеле до неговиот дом, за да му платат такси. Го оставиле на пат.

Случајно го нашле некои минувачи и го однеле до неговиот дом. Лицата кои што направија таква злоупотреба, во однос на личноста, не само што не дадоа одговор, не дадоа отчит, туку тие беа унапредени во повисоки чинови по хиерархијата во Министерство за внатрешни работи. Нема да зборувам за случајот Раштак. Кога се зборуваше за случајот на Прчевски јас не бев тука. Да бев, ќе го поставев прашањето кои се мотивите што не се борел против криминалот, или беше единствена личност во Македонија кој што излезе со изјава дека лицата во Раштанските лозја беа убиени како птици, токму од овие единици, кои што се спомнуваат во членот 19. Доколку мотивите за разрешувањето на Прчевски се за организиран криминалитет, јас сигурно би ве подржал, ако својата работа не ја извршил како што треба. Од тие причини од политичката сфера, затоа што личноста ја кажа вистината во врска со една работа која се случи во Република Македонија, а ние треба навистина да бидеме загрижени за ова. Навистина во Република Македонија се случуваат вакви нешта никој да не биде одговорен и се поставува прашањето пред себе дали имаме полициска тоталитарна држава, или имаме судство какво што е. Повторно ќе кажам, или повторно ќе се вратам на членот 19, бидејќи гледам дека претседателот на Парламентот сака да реагира дека сум надвор од темата. Не, напротив, велам дека член 19, токму за овие работи треба да ги прецезира нештата. Не се виновни тие што се извршители, туку виновни се тие кои што даваат наредби. Овде не се опишува кој наредува, под чија компетенција ќе бидат тие. Токму заради овие работи ќе речам дека не дека овој закон остава широк простор во однос на дилеми како треба да се дејствува, како треба да работи еден обичен вработен во полицијата, во случај кога се чувствителни и деликатни работи. Но, ние како политичари кои што гласаме еден ваков закон, треба да гледаме малку пошироко секој од нас, бидејќи на секој од нас може да му се случи случка, како што му се случи во минатото.

Во член 20 се зборува за формирање на сектори. Токму во овој член ние имаме големи разлики. Ние како парламентарна група ДУИ со законот кој што е всушност Предлог закон, кој што е понуден, велиме дека имаме големи разлики. За тоа, не случајно на почетокот спомнав дека локалната самоуправа воопшто не била информирана. Не е консултирана во однос на Предлог законот, кои надлежности треба да ги превземе локалната самоуправа во текот на именувањето на шефовите итн, началниците итн,. За формирањето на овие осум сектори, не е добро ниту за една општина, на пример, како Гевгелија, Струмица, не е добро ниту за една општина како што е Струга и Гостивар. Началниците на полицијата во овие општини да немаат надлежности. Или пак, локалната самоуправа да нема свое влијание при формирањето на овие осум ресори кои што се предвидени тука. Нашиот приод и во првата фаза беше дека Струга треба да биде еден од овие секотри за внатрешни работи кои што се предвидуваат да бидат формирани. Ова го велам не сега, го имам речено и порано дека поради географски аспект, или пак од аспект на инфраструктура во однос на населението во споредба со Охрид, предметите што се случуваат во Струга, или во Охрид, со кои што треба да се занимава Секторот за внатрешни работи, сите велат дека Струга треба да биде еден од овие сектори. Се поставува прашањето зошто Струга тогаш не е предвидена?

Почитувани господа, доколку во однос на Струга некој искажува недоверба, или не се дава можност еден сектор да постои во Струга, затоа што мнозинството се Албанци таму, тогаш, каде ќе не одведе оваа работа. Независно дали седиштето ќе биде во Струга или Охрид, во Кичево или Дебар, повторно треба да биде во служба на своите задачи и обврски кои што се предвидуваат во врска со овој Предлог закон. Но, она што загрижува, повторно ќе речам, недовербата, изготвувачот на закони, или дискриминацијата, изготвувачот на зконот ја прави во однос на едно население кое што живее и гради своја иднина во Република Македонија. Ова е еден случај кога многу јасно нештата се гледаат. Не е случајно што седиштето на граничната полиција се предвидува во Охрид, Секторот за внатрешни работи се предвудува во Охрид, а ништо не се предвидува на пример во Кичево или Струга. Дали треба некој да не убедува дека тука нема дискриминација во целиот овој случај. Така што, ние мислиме дека седиштето или центарот на Секторот за внатрешни работи треба да биде во Струга, а Центарот за гранична полиција и тогаш рековме, и сега велиме дека треба да биде во Кичево, затоа што и од географски аспект ако се земе инфраструктурата, и начинот како треба да се контролира границата и командувањето кое што треба да биде направено на полициските станици, на граничните говорам, Кичево има географска позиција, од каде што може полесно овој орган да биде пофункционален. И повторно велам, поради недовербата, или фустрацијата кој што ја има некој од минатото не може да биде во Кичево, не може да биде во Струга итн.

Јас длабоко сум убеден, доколку се консултират градоначалниците , општинските совети, велам на сите општини во Источна Македонија, сите ќе бидат против формирањето на овие сектори. Ние имаме концептуални разлики. Ингеренциите кои се предвидуваат со член 21 да ги имаат надлежностите овие сектори, треба да им припаднат на началниците на полициите на сите 34 општини на поголемите градови во Република Македонија.

Јас сум убеден дека доколку овој Предлог закон биде пуштен во дебата, не само во албанските општини, туку и во Источна Македонија, граѓаните, или градоначалниците и советниците убеден сум дека ќе го подржеа нашиот концепт, кој што ние мислиме дека овие надлежности

треба да ги имаат началниците на полицијата во 34 поголеми градови во Република Македонија плус Скопје. Сигурно тогаш ќе можевме да зборуваме за децентрализија во органите за внатрешни работи, министерот ќе имаше свои надлежности, кои што се предвидуваат и со Предлог законот. Во текот на именувањто на началниците, тој да предложи општинска листа од три члена, од кои најмалку два треба да бидат од мнозинството население кое што живее таму, за да има можност Општинскиот совет да избере, не да му се импнира, да може да избере најмалку двајца од мнозинското население кое живее во таа општина. Со тоа, не му се одземаат надлежностите на министерот. Напротив, министерот, заедно со претседателот на општината, минстерот ги има сите надлежности доколку работите не одат како што одат, да го разрешат началникот на полицијата.

Тука се нашите разлики што се против формирањето на овие осум сектори, така како што се предложени, но и надлежностите кои им се даваат на раководителите на овие осум сектори кои одговараат само пред министерот, или пак пред директорот на Бирото. Локалната самоуправа нема нкакво влијание при именувањето на тие началници. Началниците на полицијата во градовите, или командирите на полициските станици во тој случај немаат никаква надлежност, а би требало да имаат. Токму поради овие работи мислам дека овој Предлог закон треба да се врати на повторна обработка, да се отворат пошироки дебати од аспект на професионалноста, да се консултираат и професионалци. Ние имавме случаи да гледаме една емисија на чуму каде се појави еден висок функционер во полицијата, неговото име е Ристе Галевски, тој е експерт по оваа материја. Тој рече дека Законот во себе има многу нејаснотии, а да не зборуваме за вработените внатре во овој орган, или пак обичните полицајци кои воопшто не знаат што содржи овој закон, ниту пак некој ги консултирал за да ги добие нивните забелешки за да можат нештата да бидат многу попрецизни, да не бидат толку конфузни како што се неколку члена тука,од аспект на формирањето на специјалните сили, од аспект на надлежностите итн.

Сигурно е дека за овие работи треба да се зборува со часови. Не е во прашање само Сруга. Сигурно и граѓаните на Гевгелија, на Прилеп, нема да се согласат, или пак не се согласуваат, независно од тоа дали се консултирани или не. Тие не се согласуваат со концептот на формирањето на овие осум сектори. Тоа се аргументите што мислам дека треба и вие и граѓаните да ги знаат затоа што ДУИ е против усвојувањето на овој предлог закон, таков како што е понуден во Собранието, затоа што ние мислиме дека треба да има измени. Ние имаме поддршка од граѓаните од локалната самоуправа, бидејќи градоначалникот одговара пред граѓаните за аномалиите кои се поајвуваат во таа општина, за криминалитетот итн. На овој начин како што е изготвен овој предлог закон, фактички претседателите на општините немаат влијание во однос на она што се случува внатре во органот за внатрешни работи за да можат да сугерираат, или пак да го повикаат началникот на полицијата за ојавите што ги има во таа општина и кои не се добри, бидејќи началникот со овој предлог закон нема надлежности. Тоа остава простор некој да има добра врска со некое лице во органот за внатрешни работи и да направи што сака во Република Македонија, да се занимава со криминал, да убива, а воопшто да не одговара пред Законот затоа што има личност која стои зад него. Доколку има влијание и локалната самоуправа и централната власт во однос на именувањето на началниците на полицијата и да се одземе овој концепт со осум сектори, верувам дека влијанието на граѓаните на локалната самоуправа, но и на министерот за внатрешни работи ќе биде многу поголем кај началникот и тој ќе води сметка за својата работа затоа што ќе биде контролиран од две валсти, не од една, или пак од еден центар, што не е редок пример. Да бидеме отворени, не случајно, не ретко се случува да се злоупотреби функцијата на еден висок полициски сллучбеник и не случајно имаме шверц со автомобили, некои убиства, а не одговара пред никого, бидејќи двајца-тројца ја знаат таа работа. Значи некој го брани.

Тоа се нашите аргументи зошто ние мислиме дека овој предлог закон треба да се повлече.

Во член 22 и во многу други членови се повторува високото образование, кое високо образование воопшто не се прецизира, ни потоа именувањето се прави од страна на директорот на Бирото, на транспарентен начин. Ние за транспарентноста зборувавме по амандманот на госпоѓа Роза Топузова Каревска, речиси цел ден и не добивме одговор по однос на сето тоа, кој е патот или транспарентниот начин со кој ќе се направи именувањето и разрешувањето доколку се случила некоја злоупотреба. Велам, би било добро да се знаат случаите кога е казнет некој висок полициски службеник. Јас од 1990 година наваму, а и порано, во текот на комунизмот, случаите за кои сум разговарал со високите полициски службеници, често пати се казнети нивните повисоки старешини затоа што направиле злоупотреба на задачата, а не затоа што ја завршиле својата работа. Некои од пониските офицери ја има разрушено мрежата, значи некој навлегол во неговата мрежа со која тој се занимава во однос на бизнисот, нечист бизнис, да речеме со криминалитет итн. Повторно, значи бил казнет оној кој чесно ја завршил својата работа, но бил отстранет, бил суспендиран, деградиран итн.

Верувам сите сме свесни дека нештата во секоја држава започнуваат од горе надолу. Ако некој долу се занимава со организиран криминал, а нема некој горе кој го поддржува, тој сигурно тоа нема да го направи. Кога изготвуваме некој закон како овој, тогаш можностите се многу големи. Тие

кои се занимаваат со криминалитет да ги контрлира органот за внатрешни работи, бидејќи таквите структури се добро организирани. Сигурно може да се постави прашањето дали има припадници од таа етничка заедница или од друга етничка заедница. Ако нешто друго во нашата држава, бидејќи многу нешта функционираат, но до колку ништо не функционира и на Балканот ако ништо не функционира, јасно ни е дека функционира криминалитетот кој не познава национална или религиозна припадност итн. Поради тоа ние мислиме дека треба да се формираат повеќе контролни механизми и при именувањето, но и при разрешувањето. Вака како што е предвидено во член 22 се дава можност едно лице или две лица да контролираат се во нашата земја. Ние како Собрание треба да признаеме, барем до денес не се случило, тие кои именувале еден министер или пак кои гласале еден министер, независно на лкој сектор да е во Секторот на Министерство за внатрешни работи , за работите што не ги направил во текот на работата, мнозинството да го разреши. Не познавам еден ваков случај и нема да се сллучи уште долго време. Истовремено не се случило, високи старешини на полицијата, или директори на Бирото, или пак министер, поради тоа што се случило на пример една аномалија, или пак еден тежок инцидент каде што и тој е одговорен да даде отказ, оставка. Јас не познавам таков случај.

Минатиот пат спомнав, имавме случаи на атентат врз претседателот на државата Киро Глигоров никој не даде отчет, никој не даде оставка, од морални причини, а ние зборуваме за демократија, или пак говориме за тоа дека Собранието има контрола врз Владата или пак врз разните министерства. Ние најпрвин како пратеници се залажуваме себе си, а пота и граѓаните. Токму поради тоа мислам дека во овој предлог закон и во текот на именувањето и во текот на разрешувањето треба да има поголеми контролни механизми, за да има и поголема одговорност. Вака, како што е и жлен 22, навистина остава многу нешта неразјаснети, остава едни широки активности, им се даваат надлежности или компетенции на еден или двајца луѓе, а останатите се ставаат во една неблагопријатна состојба.

Член 23, доколку го анализираме, зборува за полициски станици итн. Нашите забелешки тука се повеќе затоа што мислиме дека секоја општина треба да има и своја полициска станица. Најмалку, еден градоначалник, ако има полициска станица, ќе има со кого да соработува. Случајот што го спомна Мустава со општина Шуто Оризари, нема полициска станица и треба да оди во општина Бутел. Или пак случајот со општина Сарај, нема полициска станица, треба да оди во општина Ѓорче Петров за да се жали за нешто што претседателот на општината или претседателот на Советот треба да се жали за работи што се случуваат во неговата општина. Или пак случајот на општина Студеничани. Нема полициска станица, се случуваат многу нешта што претседателот на општината не може да ја игра улогата на еден полициски командир, се вршат и интервенции, не се интервенира на време и кога повторно се интервенира се појавувасат различни аномалии. Токму поради тоа ние мислиме дека и овој член треба да предвиди барем еден рок за колку време овие општини ќе добијат свои полициски станици, затоа што не може да се остави да помине еден мандат, уште еден мандат и тие стандарди да останат такви какви што се, нема услови за тие полициски станици да се формираат, да се каже, а тие градоначалници не се рамноправни со градоначалниците од другите општини кои ги имаат тие полициски станици.

Член 26 - извршување на полициски работи кои се однесуваат на обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница. Се формираат регионални центри за гранична работа. Регионален центар југ со седиште во Кавадарци. Регионалоен центар исток со седиште во Делчево. Регионален центар со седиште во Скопје и регионален центар запад со седиште во Охрид.

Повторно доаѓаме до доа, се формира и сектор и регионален грамочемн центар во Охрид. Се поставува прашањето, им поставувам прашање и на тие кои го изготвиле овој закон, кои услови ги исполнува Охрид за да биде регионален граничен центар, географска положба, што на пример не ја исполнува Кичево, затоа што нашиот предлог беше Кичево да биде регионален центар на местото на Охрид. Одговор за тоа воопшто не сме добиле иако, ќе спомнам уште еднаш, од аспект на инфраструктурата или од географски аспект Кичево ги исполнува сите тие критериму кој менаџира со границата, што е предвидено да се менаџира од регионален центар Охрид. Најмалку што знаеме е дека географскиот аспект, во однос на инфраструктурата, на релацијата Дебар-Кичево итн., може многу подобро да си командуваат и да се контролираат тие политички станици кои се формираат по текот на границата во овие наши градови. Тука ние до сега не добивме одговор. Тоа се прави можеби од недовеба, или пак од политички причини. Мислам дека не е во ред, не затоа што јас така мислам. Секој од нас треба да размислува, доколку кон некого искажуваш некоја недоверба, сигурно и тој вас нема да ви верува, затоа што довербата треба да биде меѓусебна. Ние значи имаме еден Предлог закон каде изразуваме недоверба во однос на некои градови во Македонија затоа што не можат да бидат регионални центри, или пак секторите за внатрепни работи не можат да бидат во Струга туку мора да бидат во Охрид, и потоа велиме дека градиме меѓусебна деверба или пак дека овој закон е перфектен итн. Верувам, дека на многу мина им е јасно, овој закон, во овој случај дискриминира еден дел од населението, велам

не само албанското население туку и македонското население го дискриминира.

Ќе спомнам уште еднаш, градоначалникот на гевгелија сака да има ингеренции над началникот на полицијата кој навистина ќе има надлежности, а не да нема никаква одговорност,како што се предвидува во овој закон. Тоа е таа дискриминација на која ние укажуваме тоа го кажуваме свесно, затоа што некој велик јас имам парламентарно мнозинство и јас решавам во овој случај.

Јас во една моја дискусија реков дека и владите и парламентарните мнозинства се министер за правда енуваат, но ќе остане закон кој ќе го гласаме, значи ќе остане таков како што ќе го изгласаме затоа што овие закони не се менуваат секоја година.

Ние сме сведоци иако се вели во медиумите дека ќе има во текот на една година, ќе дојде до некои измени, додека не влезе во сила законот итн. Тоа е една реторика, им се кажува на граѓаните и пратениците само заради тоа дека еве, ќе биде оставен простор за да се измени нешто. Нашите забелешки што ние ги даваме денеска кои што не се менуваат денеска најмалку 10 или 15 години ќе останат вакви, додека некој не се убеди и кај албанците и кај македонците дека навистина овој концепт е погрешен. Овие нешта ретко се случуваат кај нас поради тоа што и ние знаеме да имаме инаети, или пак мислиме доколку направиме некоја неправедност на некој друг дека сме ја постигнале целта. Напротив, токму тогаш си направивме лошо на себе си, или пак работите на штета на граѓаните и на државата.

Во однос на регионалните центри најмалку при именувањето на началниците на регионалните центри треба да се консултираат претседателите на општините, велам претседателите или градоначалниците, затоа што се согласувам дека не можат да донесат одлука советите на општините затоа што регионалните центри покриваат повеАќе општини. Велам, да се консултира затоа што и граничниот полицаец е во секојдневен контакт со граѓаните во една општина, со граѓаните на еден регион што го покрива тој регионален центар, или таа полициска станица. Тука нема никакво влијание локалната самоуправа. Повторувам, нема ниту консултативно влијание да се консултира да можат да ги дадат своите забелешки. А без соработка на граничната полиција со граѓаните од пограничните зони таа полиција не може да биде успешна. Затоа мислиме и тука треба да се предвиди да се предложат повеќе кандидати, да се добие мислењето од граночалниците на општините што ги покрива тој регионален центар и се разбира повторно министерот да именува еден од тие, но да добие мислење само затоа што ќе седнат неколку градоначалници на неколку општини и ќе се консултираат кој да биде прв на еден регионален центар што ќе го именува министерот. Значи, се прави тој првичен контакт, тоа е тој контакт меѓу централната и локалната власт. Велам, за жал тука ништо не се предвидува нешто слично. Затоа мислиме дека овој Предлог закон треба да се повлече за да може навистина на потранспарентен начин и ние како пратеници да ги дадеме своите забелешки во првата фаза како што се обидовме и ги дадовме во првата фаза нашите забелешки реално не беа земени во предвид.

Јас ќе прочитам еден параграф од член 26. Вториот параграф: го именува министерот од страна на листата на еден транспарентен начин. И се поставува повторно прашањето која е таа процедура, таа транспарентна процедура? Тие имаат транспарентност внатре во органот и на каква транспарентност се мисли. Навистина добро е да го знаеме тоа, транспарентност со која ќе бидат запознаени градоначалниците пред да се разреши, или како е направено тоа разрешување на началникот, транспарентност значи тоа кога ќе бидат информирани граѓаните преку средствата за информирање, или пак која е таа транспарентност. Ние знаеме дека при именувањето и разрешувањето и ние сме сводоци на тоа во текот на целото тоа време како се прави тоа. Ниту еднаш немало транспарентност и нема. Се именуваат и лица кои што имаат и навистина лоши досиеа. И повторно велиме дека се прави на транспарентен начин. Не, не се прави на транспарентен начин. За време на именувањето, или пак разрешувањето и во овој случај велам дека немаме никаква транспарентност освен што за тоа се консултираат двајца, или тројца со директорот на Бирото и се случуваат именувањата и разрешувањата. И би било подобро да се повлече зборот транспарентност, затоа што ние самите се лажеме себе си, но ги лажеме и граѓаните, а во овие случаи нема никаква транспарентност.

Имаме член 34 каде што реално овој член е за поздравување што ние и во текот на дискусијата што ја имавме дали овој закон треба да се усвои со Бадинтерово мнозинство или не. Овој член зборува многу дека овој закон требало и треба да се усвои со поширок консензус. Затоа што кога имаме поширок консензус, тогаш имаме и Бадинтерово мнозинство и тн. Кога немаме поширок консензус, тогаш немаме ниту влијание, всушност не можеме да обезбедиме Бадинтерово мнозинство. Јас велам дека овој член е тој кој што зборува, јас ќе го прочитам уште еднаш: “При примената на полициските овластувања, повикување, приведување, задржување, полицискиот службеник мора веднаш да го извести лицето на јазик што го разбира”. Што значи, полицискиот службеник знае претходно кое лице ќе го задржи, ја познава неговата национална припадност, бидејќи го има неговото досие, има податоци за тоа лице и не случајно се предвидува овој член да му се обрати на неговиот јазик и оваа работа навистина е добра. Но, овој член се предвидува и во други три члена кои што се повикуваат на член 34. Што значи, изготвувачот на овој Предлог-закон не случајно избегнал и на други места каде што овде е

спомнат член 34, значи избегнал да се препише во целост овој член, значи и во другите случаи. Ова не е случајно, затоа што однапред е подготвен теренот тука да немаме поширок консензус при усвојувањето на овој Предлог закон и да се избегне механизмот кој што ние го нарекуваме Бадинтерово мнозинство. Не е добро за самиот Парламент, за самото Собрание да се работи да се оди по овој пат. Велам дека постојат и други патишта кои што не водат кон еден консензус со кој што овој Предлог закон ќе имаше поддршка на парламентарните групи тука, но ќе ја имаше поддршката и на сите граѓани во Република Македонија.

Член 43 вели дека полицијата е овластена писмено со покана да повикува граѓани заради собирање потребни известувања неопходни за извршување на полициските работи. Алинеја 2 став 2 вели, дека писмената покана од ставот 1 на овој закон содржи име и презиме на лицето кое се повикува, назив, место и адреса на седиштето на оранизационата единица на полицијата каде лицето се повикува, причини за повикувањето, место и време на повикувањето, како и поука за правото на бранител во полициската постапка, како и последиците доколку не се јави на поканата. Јас ќе ги прочитам сите ставови, затоа што член 34 е многу конфузен. Повиканото лице може присилно да се доведе само со судска наредба и само тогаш кога очигледно одбегнува да се јави на уредно доставена покана во која било предупредено на можноста од присилно доведување и тогаш кога своето недоаѓање нема да го оправда. Следниот став вели: дека лицето кога ќе се јави на поканата, или било присилно доведено, а одбило да даде известување, не смее повторно да се повикува заради истите причини. Лицето кое е повикано, или присилно доведено се поучува за правата од членот 34 што значи повторно доаѓаме до член 34 кој што предвидува да се употребува јазикот на граѓанинот во текот на приведувањето во полициската станица иако реално сите овие ставови од член 43 донесуваат навистина едни работи кои што можат да го збунат граѓанинот, затоа што дали тоа значи дека тој е уапсен или пак ако не одговори на повикот, на поканата заради тоа што нема да појде во полициската станица, можеби некој го повикал поради свои лични каприци. Но, од причини, или поради злоупотребата што ја прави некој полициски службеник за да му докаже на некој дека е тој власт, го повикува во полициска станица и можеби од него ништо нема да побара, но го повикува само да му докаже кој е на каква позиција, или положба. Ставот кој што предвидува дека присилно ќе биде приведен доколку не одговори на повикот, но мислам дека овие нешта треба јасно да се прецизираат кога едно лице ќе биде повикано, поради кои дела треба да биде повикано во полициска станица, во кои случаи ќе биде повикан на информативен разговор, затоа што информативните разговори биле само во текот на комунизмот. Не гледам какви информативни разговори ќе има сега кога ќе биде повикан граѓанинот треба да биде јасно поради што е повикан, заради учество во некое несакано дело, како сведок и тн. На информативни разговори се повикуваа во времето на комунизмот сите оние граѓани кои што работеа надвор од државата, во странство. Тие беа повикувани на информативен разговор во полициска станица, им беа одземани пасошите и потоа тие беа приморани да даваат по 1.000 марки во тоа време, да најдат некоја врска, да му ги исплатат тие 1.000 марки на началникот на полицијата или некој друг директор за да си го повратат својот пасош. Но, овие информативни разговори немале поинаков карактер. Поради што се повикувале на информативен разговор? Тоа треба точно, јасно да се прецизира. Во овој случај немаме таква прецизност.

И последниот став, за повикувањето и извршениот разговор со повиканото лице полицискиот службеник изготвува службена белешка. Тој ќе подготви службена белешка, но дали ќе има забелешки лицето кое што било повикано на тој разговор при изготвувањето на таа службена белешка, кое е неговото право во однос на тоа што е повикан, бил психички малтретиран во однос на прашањата кои што му биле поставени, во однос на некое дело кое што го направил сосема некој друг за кое што лицето нема никакви запознавања. Дали тоа лице има влијание при изготвувањето на службената белешка од страна на полицискиот службеник. Сигурно дека нема. Повторно полицискиот ораган ќе се информира онака како што сака полицискиот службеник кој што го повикал на тој информативен одговор. И токму поради ова мислам дека ние немавме прилика да интервенираме со амандман, затоа што ќе спомнам уште еднаш, не се согласуваме со концептот на овој закон. Сигурно ќе беше добро информативните разговори да се снимаат, затоа што ние сега имаме визуелни апарати, техниката е многу унапредена за да може началникот на полицијата или пак полициските старешини во таа полициска станица да имаат една јасна слика дека освен информацијата која што ќе ја изготви полицискиот службеник кој што повикал на разговор едно лице во полициска станица да има и нешто снимено, документирано. И тој да води сметка како ќе се однедува со странката која што ја има повикано на разговор. Ваквите нешта не се предвидуваат во овој Предлог закон. Јас незнам, можеби се прават тие снимања, но ние не сме запознати како пратеници. Законот не ги предвидува. Сигурно ќе се рече дека со подзаконски акти ќе се напрви ваквото нешто. Но, ние, јас сум во позиција да не верувам на ваквото нешто. Токму поради тоа барам нештата да се прецизираат во овој Предлог закон и да се видат овие процедури до крај.

Член 49, полицискиот службени е должен лицето кое се приведува пред приведувањето да го

запознае со правата од членот 34 на овој закон. Значи, член 49 повторно се повикува на член 34. Значи, тој е обврзан, тој е должен кога ќе го сопре да го запознае поради што го приведува. Затоа што лицето кое си го запрел и доколку не го познаваш неговиот јазик, тој може да побара лекарска помош, имајќи ја во предвид повторно работата на еден полициски службеник, знаејќи дека таа е многу деликатна и чувствителна работа. Тој во тој момент може да се почуствува дека навистина е загрозен и може да отвори оган врз лицето, може да рече: бев загрозен од него. И сето ова се оправдува дека навистина ќе се мисли дека тој отворил, или пак сакал да отвори оган, а можеби тоа лице побарало објаснување, или пак лекарска помош и тн. И ние, или вие, поконкретно да кажам упорно велите дека овој закон не се однесува на јазикот на граѓаните и тн. Напротив, Законот за полиција е многу чувствителен закон и се однесува на јазикот на граѓаните кои што живеат во Република Македонија. Повторувам, токму поради овие причини потребен е еден поширок консензус при усвојувањето на овој Предлог закон. Не треба да се гледа усвојувањето на овој Предлог закон само преку броењето на гласовите да се обезбедат 61 глас и да го усвоиме и да го донесеме овој Предлог закон.

Член 50 став 2: Полицискиот службеник може да задржи лице затечено при извршување на прекршок под услови и на начин утврдени со посебен закон.

Навистина, кој е тој посебен закон. Добро е да го знаеме на кој закон се повикуваме, бидејќи на неколку места се остава тој простор со посебен закон. Ние не знаеме кој е тој посебен закон, само се повикуваме на тој посебен закон.

Член 54 “Полицискиот службеник ќе го предупреди лицето кое со своето однесување, дејствување или пропуштање на одредени дејствија, може да ја доведе во опасност својата безбедност, безбедноста на другите лица или безбедноста на имотот, да го наруши јавниот ред и мир или да ја загрози безбедноста на сообрраќајот на патиштата или кога оправдано се очекува дека тоа лице може да стори ли да предизвика на други лица да сторат кривично дело или прекршок”. Велам член 54 е во спротивност со членовите кои што ги спомнав 34, 49 итн. На кој јазик ќе му се обрати на лицето. И, сигурнон, во случаи кога нема да се испочитува јазикот на странката на која што се обраќа полицискиот службеник ќе се повикува на член 54, затоа што ова му го овозможува изготвувачот на законот кој не случајно го подготви овој член на ваков начин. А, потоатие членови каде што се предвидува јазикот на странката, на граѓанинот, фактички тоа ќе се злоупотреби, затоа што полицискиот службеник нему овој член му го овозможува тоа. Затоа, мислам дека ова е предлог закон кој остава голем простор, големи нејаснотии и јас на вистина жал ми е што ќе го повторам уште еднаш треба да се повлече од Собраниска процедура затоа што тоа неколку пати сме го рекле и досега.

Член 56 “предупредувањето и наредувањето се вршат на јасен, недвосмислен и разбирлив начин”. Факт е дека предупредувањето треба да се направи како што се предвидува, но на кој јазик ќе биде направено предупредувањето. Тука воопшто не се зборува за ова или пак тие членови сме ги донеле таму на јазикот на граѓанинот само за да затвориме очи на некого или пак на Меѓународната заедница да речеме дека овој закон ги исполнува стандардите кои што се бараат поради европските стандарди или што ги имаат стандардите развиените држави итн. Јасно се гледа дека се остава тој простор самиот полициски службеник да не го почитува правото што го има граѓанинот. Повторно ќе речам, значи правата на луѓето во Собранието можеме да зборуваме со часови за ова и не случајно Хелсиншкиот комитет даде голем број забелешки во однос на овој предлог закон. Велам дека е не случајно, затоа што и тие виделе дека овој закон има голем број аномалии, има голем број членови кои што се спротивност еден со друг. И вие и ние, сите сме свесни дека овие нешта се такви, но поради наши каприци не сме во состојба да ја прифатиме реалноста. Велам дека не сме во состојба, затоа што навистина овој предлог закон треба да се повлече од Собраниска процедура.

Член 63 “полицискиот службеник прима кривични пријави за кривични дела за кои се гони по службена должност и пријави за прекршоци”. Се поставува прашањето во локалната самоуправа, на пример, општина Липково или пак општина Студеничани, на кој јазик ќе се направи сето ова. Дали ќе се почитува двојазичноста во овие општини. Таму официјален јазик е албанскиот јазик. Овде не се предвидува вакво нешто и не случајно е што не се предвидува. Доколку дека некој мисли јазикот на локално ниво е на ниво само советниците да зборуваат на свој јазик, мислам дека навистина многу грешат. Тоа право го имале секогаш припадниците без оглед на која национална заедница припаѓаат и без оглед на нивниот број. Но, службениот јазик треба и да се официјализира во предлог законот. Велам, ова не се случува и не е случајно што не се предвидуваат ваквите нешта. Кога став 2 од членот 63, при поднесувањето на кривичната пријава од ставот 1 на овој член или при вршење на увид се утврди дека се работи за кривично дело за кое се гони по приватна тужба или се утврди дека делото нема обележја на казниво дело, полицискиот службеник е должен за тоа да го извести оштетениот во рок од 15 дена на кој јазик ќе го информира. Посебно се поставува прашањето на кој јазик ќе го информира. Треба да го информира на неговиот службен јазик во општината, а како што реков, таквото нешто не се предвидува тука. Ќе биде испратена една пријава која што тој нема да ја разбере како граѓанин и тогаш нашата цел е да донесеме нејаснотии кај граѓанинот, кај јавноста, поради што тој бил

приведен во полициската станица итн. Затоа, велам дека изготвувачот на овој закон не случајно овие работи ги оставил такви какви што ги имал ставено, за да се заобиколи правото на граѓанинот, да се прекрши елементарното право на граѓанинот. Барем за тоа што е приведен или пак некој му влегол заради контрола во неговата куќа итн, да биде запознат на неговиот јазик зошто сето тоа се случило итн.

Член 64 говори за јавно распишување на награда, кога се бара некое лице. Ќе го прочитам овој член: "Полицијата е овластена јавно да распише награди за дадено известување заради откривање и фаќање на сторител на кривично дело, пронаоѓање на исчезнати лица и други оправдани случаи кога известувањата од граѓаните се потребни заради вршење на полициските работи". Другиот став "распишувањето на наградата се објавува во средствата за јавно информирање или на друг погоден начин". Во кои средства за јавно информирање. И во другите закони кои сме ги донеле, секаде сме предвиделе, освен другото да биде и на јазикот да го говорат над 20% од граѓаните во Република Македонија. Говорам за јавните средства и распишувањата од страна на полицијата. Доколку се мисли дека навистина граѓанинот во овие случаи треба да го даде својот придонес, треба да се предвиди јавните расписи да се направат и на јазикот на граѓанинот. Во овој случај треба да се предвиди на јазикот на сите заедници кои се наброени во приамбулата на Уставот на Република Македонија. Нешто вакво го нема изготвувачот на овој закон. Повторно ќе кажам ова не е случајно и ова се прави сосема свесно, а се бара придонес од страна на граѓанинот. Уште нешто, ова е потфрлено, бидејќи граѓаните нема да го разберат тој оглас, нема да разберат за што се говори, а од друга страна имаме тешки случаи како што се набројуваат во овој член. Се бараат исчезнати лица и други случаи кои не се предвидуваат се оставаат отворени. Повторно велан органот за внатрешни работи свесно не сака да има успех за целта за која го објавува тој јавен оглас. Затоа, повторно ќе кажам дека навистина многу члена се контрадикторни и доаѓаат во коализија со реалноста која ја имаме во Република Македонија. За жал доаѓаат во спротивност и не случајно велиме дека еден ваков закон ние не сме го поддржале во првата фаза, во нацрт фазата, не сме го поддржале кога бевме во Влада, не можеме да го поддржиме и денес кога не сме во Владата. Не можеме да го поддржеме, бидејќи навистина нашите забелешки се начелни и се забелешки кои се од интерес на сите граѓани на Република Македонија.

Член 69 став 13, говори за фалсификувани пари, откриени фалсификувани пари, фалсификувани парични единици, евра и други фалсификувани странски валути. Овде треба да се спомне и нашата валута, која е важечка. Добро е да се заштити еврото, франците и валутите на други држави, но не е добро, бидејќи не го штитиме граѓанинот на Република Македонија, а не ја штитиме и нашата валута и парите, со кои граѓаните се во секојдневен контакт , па овде не се предвидува такво нешто. И, не е добро да не се предвиди, туку напротив добро е граѓаните да имаат што повеќе евра или девизи, но би било добро да се заштити и денарот на нашата земја.

Член 74 "Податоците содржани во евиденциите од членот 69 на овој закон од нивното внесување, се до нивното бришење смеат да се даваат под услови и начини предвидени со овој и посебен закон. Добро е да се предвиди кој е тој посебен закон, да ни се укаже и да знаеме кој е тој посебен закон, каде може да се дадат тие податоци. Исто така, и членот 76 се спомнува во однос на посебниот закон итн.

Членот 77 "Дирекцијата за заштита на личните податоци врши надзор над обработката на личните податоци и нивната заштита утврдена со овој и посебен закон. Повторно доаѓаме до тој посебен закон кој ние треба јасно да го знаеме и да ни се укаже на него, што значи кој е тој посебен закон.

Член 89 , став 6 "пред употреба на огнено оружје, полицискиот службеник ќе упати усна наредба и предупредување Стој, полиција! А потоа и втора наредба и предупредување Стој, ќе пукам!. Повторно не се прецизира на кој јазик ќе го направи тоа. Полицаецот знае во чив дом ќе отиде, или кое лице ќе го приведе . Се поставува прашањето? Зошто не се предвидува на кој јазик ќе го направи сето тоа. Можеби тоа лице кое е опасно лице и се мисли веднаш да се отвори оган, можеби тој е спремен да се предаде на органот за внатрешни работи, па бидејќи не се разбираа меѓусебно, ќе дојдеме до егзекуција. Ние, повторно велиме дека или говорам доколку овој закон ги исполни сите работи или правата на човекот итн, јас навистина не знам, би било добро некој да ми го објасни сето ова. Зошто изготвувачот на законот во член 89 став 6 оваа работа ја предвидува на овој начин. Значи како ќе се изврши, најавата дали ќе биде усна, но не го предвидува јазикот со кој ќе се приведе и дотичната особа. Се поставува прашањето дали е ова повторно случајно. Веелам дека не е случајно сето ова, велам сигурно не е случајно, бидејќи ниту тие кои ги имаат изготвено овој предлог закон не се случајни во своите должности таму каде што се. Дали има некој случај,подобар случај кој укажува дека навистија со овој предлог закон не се почитува ниту едно право на човекот. Во случај кога полицискиот службеник го знае досието и делото, како и опасноста со странката со која има работа и не се предвидува на кој јазик ќе му се обрати на тоа лице кога ќе му рече Стој!. Не дека го загорзуваме него што го приведуваме, туку го загрозуваме и полицискиот службеник кој сме го однеле да ја изврши таа должност, да го приведе тоа лице, бидејќи тие не можат меѓусебно да се разберат. И се додека не се разбираат меѓусебно, сигурно можностите да се случи

најлошото некој тоа да го плати и со својот живот, се многу поголеми одколку навистина полицискиот службеник да ја изврши својата должност успешно и без последици, било за него самиот, било за лицето кое се приведува. Сигурно велам дека повторно и овие наши забелешки ќе наидат на глуво уво, бидејќи една народна изрека вели “Камбаните бијат за тие кои слушаат, а тие кои немаат уши, не и мамбаните, туку и тапаните да удираат, тие нема да го слушнат ова”. А, тоа ни се случува овде кај нас.

Членот 92 за употребата на посебни видови на оружје и експлозивни средства. Мислам дека треба да биде попрецизен. Став 2 вели “Употребата на посебни видови на оружје и експлозивни средства одобрува директорот на Бирото”. Мислам дека треба да се прецизира тоа да биде во консултации со министерот, независно дали работите во пракса се случуваат поинаку, но доколку се случи нешто кое не е на линијата за која се презема таа акција или има некоја злоупотреба, треба да се знае кој треба да сноси одговорност. Што значи, јас мислам треба да се информира со закон  и да се прецизира дека треба да се информира министерот и премиерот, бидејќи одговорноста треба јасно да се знае кој ја сноси во оваа држава.

Доколку вака го оставиме, оставаме простор и за злоупотреби, и да не сносат одговорност тие кои се на високи функции. Можеби е консултиран, но со закон не се предвидува нешто такво.

И во членот 95 во последниот став, во актот за систематизација на работните  мста во Минситерството можат да се утврдат и посебни услови за засновање на работен однос на полицијата. За тоа веќе расправавме.

Уште еднаш се остава просотр да имаме злоупотреби и тогаш би било добро за вработувањето во Министерството за внатрешни работи да имаме и еден член, со кој ќе се предвиди дека во Министерството за внатрешни работи нема потреба од јавен оглас за отворање конкурси за да конкурираат заинтересираните кои сакаат да се вработат во ова Министерство, бидејки навистина според овие членови каде што се предвидува вработување во органот за внатрешни работи нема нешто такво дека тоа може да го направи директорот, минситерот, заменикот минситер и т.н. и нема потреба да отвораме конкурси, да ги малтретираме граѓаните тие да аплицираат, да поднесуваат барање и да се надеваат дека навистина се рамноправни со сите граѓани. Велам дека е добро да имаме еден таков член, бидејки тогаш и другите министри од оваа или некоја друга Влада ќе знаат дека ги немаат тие бенифиции кои ги има министерот за внатрешни работи, бидејки сите други министри од Министерството за финансии, Министерството за образование и други се принудени да распишуваат конкурси. Во однос на систематизацијата јасно се знае какво работно место има и за тоа работно место треба да се распише јавен оглас, што значи и меѓу самите минситри правиме дискриминација, значи немаат исти права или тогаш и другите министерства и другите министри треба да ги имаат овие надлежности за кои говориме во овој член за министерот за внатрешни работи. Значи и овој член е еден од членовите кој не уверува дека овој Предлог закон треба да се повлече бидејки е во спротивност со другите закони за создавање на работен однос во Република Македонија. Доколку и овие работи ги направиме свесно, тогаш треба да им кажеме на граѓаните дека нас кои не избрале и тие кои ние треба да ги изубереме понатаму и ги избираме, ги избираме само за наши лични интереси, а не и заради интересот на граѓаните од кои го бараме гласот во текот на изборните кампањи, бидејки ние свесно оставаме членови и ставови во закони кои ги гласаме за ние понатаму да правиме злоупотреби и да се повикуваме на тие членови и дека не го штитиме интересот на граѓаните. Тоа е нешто што не е добро.

За членот 97 имаше амандман кој не се прифати од страна на Министерството, за што расправавме со часови. Сега нема да ви одземам време во врска со тој член, но не може а да не се спомене членот 100, каде тој кој создава работен однос, еден полициски службеник дава заклетва или изјава. Знаеме дека и во полицијата и во војската се дава изјава. Не говорам за административниот дел во полицијата. Во членот 100 се вели дека полицискиот службеник е должен при вработувањето во полицијата да потпише изјава со следниот текст, а ова е заклетвата која ја дава: “Се обврзувам дека во својата работа ќе ги почитувам Уставот и законите на Република Македонија и стандардите на полициската етика, совесно и уредно ќе ги вршам полициските работи и ќе ги почитувам основните слободи и права на човекот и граѓанинот, гарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори”. Неслучајно во овој член се споменува Уставот и ратификуваните договори или кои ќе се ратификуваат меѓународно. Не случајно во овој член се споменуваат човековите права, но поставувам прашање, припадникот на албанската етничка заедница, бидејки службен јазик е и албанскиот јазик, зошто не се предвидува изјавата да ја даде и на својот мајчин јазик. Тогаш се поставува прашањето за какви човекови права говориме ние. Сигурно дека ќе дојдеме до заклучок тоа што го реков и претходно во текот на читањето на неколку други членови дека со овој Предлог закон не дека се гарантираат правата на граѓанинот, туку напротив, се кршат правата на граѓанинот, свесно се создава забуна во многу членови за да може да се злоупотреби должноста или некој да ја злоупотреби својата должност, еден полициски службеник и т.н. Велам ова се прави свесно, бидјеки многу  јасно во вooj член се вели дека полицискиот службеник, вработените или старешините во органот за внатрешни работи се должни да ги почитуваат правата и слободите на човекот и граѓанинот, што се гарантирани и со меѓународни

акти. Меѓутоа, со овој Предлог на закон што се предлага фактични на граѓанинот ништо не му гарантираме. Напротив, ќе речам не случајно во неколку членови се вели појасно кои се правата на граѓанинот, кои се правата на полицискиот службеник, додека во други членови им ги одземаме тие права кои во неколку членови им ги гарантираме. Сигурно и членот 100 треба да биде во таа насока. Меѓу другото, треба да се спомене и членот 44, односно правата на граѓанинот или правата на лицата кои засноваат работен однос. Сигурно дека нашата земја нема ништо да ја чини и во овој член да стои формулацијата дека ние сме свесни дека Македонија е мултиетничка држава и неслучајно во преамбулата се набројуваат другите заедници освен Македонците, Албанците, Турците и т.н., односно се набројуваат сите заедници и треба да биде на јазикот на заедниците. Значи во овој член треба таксативно да стои на јазиците кои се предвидени таксативно во преамбулата на Уставот на Република Македонија. На еден припадник на Ромската заедница ќе му се обезбеди само еднаш во неговиот живот кога заснова работен однос заклетвата да ја даде на својот мајчин јазик, што ќе не чини ова? Сигурно дек аништо нема да не чини, освен тоа што ќе го нарпави на официјалниот јазик да го направи и на својот мајчин јазик. Со тоа го мотивираме, го охрабруваме да ја сака својата држава, да ја извршува својата должност како што треба и својата работа навистина да ја извршува со една поголема волја. Не случајно и во првата фаза рековме, тие кои ги немаат стенограмите нека ги видат стенограмите од првата фаза, нека видат дека и во првата фаза ја кажавме оваа забелешка како што ја кажуваме денес. Јас сум убеден дека ние треба да дадеме повеќе простор на правата на граѓанинот и на правата на тие лица кои засноваат работен однос, што повеќе со законски акти и членови во нив да им понудиме на граѓаните и да ги приближиме кон власта, бидејќи власта се знае чија е. Тоа е во органите за внатрешни работи, толку поуспешен ќе биде и органот за внатрешни работи. Кога велам ќе биде поуспешен мислам дека тогаш ќе има една соработка меѓу граѓаните и полициските службеници во униформа, а да не говорам во однос на тие кои се формираат со овој закон, што ги спомнав во членот 19 кои немаат униформа, кои не го почитуваат правото на граѓанинот и отвораат оган во однос на граѓанинот, бидејќи тие единици ги има формирано директорот на Бирото или министерот. Не случајно ќе ни се случат работи, премиерот до колку има злоупотреби, да не знае дека е формирана една единица и да рече јас не сносам одговорност за сето тоа, одговорноста е кај другите, одговорноста секако ќе ја сноси некојд руг.

Овде во Предлогот на законот не се предвидени многу наши забелешки или членови, кои би требало да бидат содржани во Предлогот на законот. Не се предвидува воопшто изгледот на возилата со кои патролира полицијата. Во општина Липково треба да биде двојазична, господине. Тоа население треба таа полиција да ја прифати како своја полиција, како и во општина Сарај и во многу други општини. Не се предвидува ниту амблемот кој го има полицискиот службеник да биде напишан на официјалниот јазик на таа заедница, каде официјален јазик е и албанскиот јазик. Сигурно треба да има еден посебен член во овој Предлог закон во однос на овие прашања.

На самио ткрај да речам дека имаме многу дилеми и многу прашања. Имено, за кого го донесуваме овој закон? До колку навистина го донесеме и вработените во органот за внатрешни работи да ги знаат точно своите надлежности, но да ги знаат точно и своите права, тогаш сигурно дека овој Предлог на закон треба да биде поинаков, поинаку подготвен ако навистина го донесеме и граѓаните да имаат свое влијание во однос на аномалиите во органите за внатрешни работи, бидејки често пати имаме припадници на органот за внатрешни работи кои соработуваат со криминални групи, а зошто да не - дека се и дел од организираниот криминал, носат дрога и т.н. Имавме и ќе имаме вакви случаи, но до каде е влијанието на граѓаните. Повторнос е поставува ова прашање, повторно влијанието на граѓанинот е минимално или на ниско ниво.

Ќе завршам со тоа дека овој Предлог закон вака како што е подготвен сигурно дека може да има едно или две места, значи наместо да имаме децентрализација овде да имаме централизација. Јас не сум го прочитал Законот на Белорусија, но сигурно таму може да има еден предлог закон како овој, кој врши концентрација на сила и моќ само кај две или три лица во органот за внатрешни работи. Значи не се прави распределба на одговорности, не создава контролни механизми внатре во органот за внатрешни работи - со една цел, влијанието на локалната власт и на граѓанинот да биде таа што се предвидува со Уставот, бидејки во Охридскиот рамковен договор кој го споменуваме и секогаш се укажува дека Охридскиот договор е дел од Уставот, но во овој случај не се почитува ниту Охридскиот рамковен договор во текот на донесувањето на овој закон, не се почитува ниту Уставот. Еден висок полициски службеник во “ Чуму” вели дека децентралицацијата ќе се случи со време за 20 или 30 години. Мислам дека еден ваков одговор е крајно неодговорен или еден припадник кој учествувал во изготвувањето на овој закон, уште еднаш докажува дека свесно не се прави децентрализација, туку се врши концентрација на силата во Министерството за внатрешни работи и нејзината најтесна хиерархија, нешто што мислам дека не е добро, локалната власт да нема никакви надлежности. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за господинот Ружди Матоши, три минути повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседателе,

Јас сакам да реплицирам на еден аргумент кој го спомна излагачот во врска со случајот во Радуша на Саид Музафери. За да биде што пообејќтивно, да кажам дека Саид Музафери е малтретиран од органите на Министерството за внатрешни работи во есента 2000 година кога ДПА беше во власта, но за овој случај се преземени мерки, а се суспендирани 5 лица од работа, додека заменик минситер на Шестиот сектор исто така е суспендиран или е суспендиран од работата која ја вршеше во овој Шести сектор. Значи преземени се многу конкретни мерки за тоа дејство кое Министерството за внатрешни работи го направило во тоа време.

Сакам да спомнам уште еден случај кога ДУИ и СДСМ беа на власт и имавме вакви случаи, ниту се преземени мерки, ниту имавме постапки за сносење одговорност на Министерството за внатрешни работи.

Сакам да му укажам на претходниот говорник дека на два жители на Бреза и Малино, кои се занимаваат со сечење дрва, кога во 2003 година се малтретираат на нечовечки начин од Министерството за внатрешни работи, дури на едниот на чело му се гравираат неколку фигури, кои не сакам да ги спомнам во овој случај, никој не презема ништо, никој не се разреши од функција, ниту се расправаше за тој предмет.

Затоа финесите треба да се кажат во политиката или кога партијата што управува со политиката или во Владата, односно кога е во власта треба да ги знае и позитивните и негативните придонеси на партијата на власт. Ние водевме многу сметка во однос на граѓаните пред конфликтот и до колку имаше минимизирања на употребата на сила во однос на Албанците, во историјата на Албанците, тоа беше во периодот од 1998 година до почетокот на конфликтот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за господинот Рафис Алити. Повелете една минута.

**Рафис Алити:** Во ред, сигурно господинот не ве разбрал во текот на мојата расправа за што говорев. Јас говорев за ова што го говори тој сега дека овој Предлог закон, но и тој што е на сила остава простор за злоупотреби и доколку говориме во чиј мандат што се случило ни требаат денови, но јас нема да се занимавам со тоа прашање бидејќи знаеме што се случило и тогаш и што се случоло во текот на нашиот мандат тоа го знаат самите граѓани. Но господинот треба да каже нешто јавно, господинот Матоши. Не е вистина најнапред дека се преземени мерки во однос на лицата кои ги спомнав, напротив наши информации говорат дека на нив им се измените работните места, од едно работно место се пренесени во друго работно место, а страдаа граѓаните, Музафер Саити кој и денес е инвалид. Но одговрност не сносил никој, никој не го казнил најмалку да излезе пред судот, а ние говориме за правата на граѓаните, со овој Предлог закон и со другиот значи не се говори за права на граѓаните. Напротив се кршат сите права на граѓаните и ти и јас треба да работиме за да се прецизираат работите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ги повикувам координаторите на сите пратенички групи консултации и давам 15 минути пауза.

Во Охридската сала ќе биде состанокот.

(Пауза од 12,48 до 13,17 часот)

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за полиција.

Има збор Зумрете Јакупи. Повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам.

Почитуван господине Георгиевски, почитувани дами и господа, почитувани пратеници,

По се изгледа дека непочитувањето, непридржувањето се имиџ на ова мнозинство, а со самото формирање на Владата продолжува и натаму затоа што до самото формирање на Владата тоа не се придржи на мнозинството гласови на албанците, а со исти чекори продолжува и со почитувањето на Деловникот. Од една страна се бара соработка, а од друга страна се одбиваат и игнорираат сите наши предлози кои се многу рационални, кои се во полза на граѓаните, без оглед на нацијата, верата или полот.

Истовремено овие забелешки кои се многу рационални не ги прифаќаат, а тоа значи дека нашите забелешки се околу попречување на злоупотреба на овластени лица кои со овој закон имаат голем простор за манипулирање. Значи, овој голем простор кој е недефиниран на јасен начин во овој закон кој во секое време и секој момент на секое место можат да го злоупотребат и можат да направат преднување според нивните вреднувања и на одредени авторитети или врз основа на субјективни оценки.

Значи, пред нас имаме еден Предлог закон кој е многу значаен да се донесе, велам значаен затоа што според моето мислење законот за полиција има многу значајна вредност токму поради тоа што регулира едно прашање кое е комплицирано и многу чувствително, кое е основно за сите граѓани, а особено за националностите.

Секако, со донесување на секој закон, како што е и законот за полиција секогаш треба да знаеме дека законот треба да биде во согласност со Уставот, да биде во согласност со останатите закони кои се многу значајни, кои се донесени во однос на другите закони кои се донесени во овој Парламент на Република Македонија. Овие донесени закони се во согласност со разни конвенции кои исто така се донесени или ратификувани. Значи ги има донесено и ратификувано овој Парламент на Република Македонија.

Сакам да кажам дека законот треба да биде во согласност со останатите документи кои се значајни и облигациони. Облигациони се поради самата имплементација, поради имплементирањето на законот пред органите на Република Македонија, органи на кои на директен начин се однесува токму овој закон, закон за полиција како и Законот за внатрешни работи кој е донесен и неколку пати дополнет каде се зборува односно каде се вклучува и Законот за локална самоуправа.

Во меѓувреме е земен во предвид и многу значајниот документ кој има посебно значење за Република Македонија како еден од позначајните документи на Републиката во целина е и Охридскиот договор. Значењето, целта и духот на овој договор треба да се рефлектира и во самата полиција.

Во целина полицијата претставува појава која рефлектира една законска или правна држава, што значи дека полицијата се самоидентификува со државата, колку ќе се почитуваат законите и позитивните правила од страна на полицијата на една држава толку државата се карактеризира како правна, законска држава со позитивни закони.

Доколку започнеме со нашето претходно искуство во однос на полицијата на Република Македонија, мислам дека сме во фаза на реформи и структурирање на полицијата и Министерството за внатрешни работи во целина. Затоа мое мислење е дека сите ние кои играме улога во оваа реформа без оглед на која нација и припаѓаме или на која политичка партија припаѓаме, или на кој пол, сите ние треба да го дадеме својот придонес и тоа на максимален начин за да се промени досегашниот имиџ на полицијата.

Со овој закон, за кој, за жал, сите ние знаеме дека имаше негативна содржина и тоа со голем број предрасуди, трауми, со застрашувања и дистанци од страна на граѓаните, за кои постојат голем број случаи кои, доколку започнеме со броење, се навистина многубројни. Ќе земам еден пример од мојот крај каде имаме случај на малтретирање на разни лица меѓу кои Азири, Шпатим Душа и други кои биле малтретирани, полицијата злоупотребувајќи ги своите ингеренции за која знаеме дека до сега имаше негативен имиџ. Оваа фаза или курс на реформи на полицијата и Министерството за внатрешни работи во Република Македонија треба да се искористи позитивно да добие доверба и соработка од страна на граѓаните во однос на полицијата. Значи, да бидеме што потранспарентни со реформата да рефлектираме на директен начин во однос на довербата и промената на имиџот во полицијата.

Од аспект на позитивен начин во полза на соработката и добробит на граѓаните заради добивање доверба од страна на граѓаните во полицијата затоа што Владата на Република Македонија во 2003 година донесе стратегија за реформи во Министерството за внатрешни работи и за реформи во полицијата.

Од друга страна како наши предуслови за интегрирање на Република Македонија во НАТО и Европската унија за што како држава сме ангажирани исцело во однос на оваа интеграција, треба да ги направиме предвидените реформи во секторот на безбедноста кои ги опфаќаат Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

Од нивните реформи може да се види и забележи како и да се констатира дека Министерството за одбрана е можеби е еден чекор напред и чекор поблиску до реформите во споредба со Министерството за внатрешни работи и може да констатираме дека имаме едно заостанување во реформите кои се прават во ова Министерство. Но, ова не значи дека не се прават реформи во Министерството за внатрешни работи и во полицијата. Присутните реформи треба да се донесат со една поинаква динамика, но многу е значајно овие реформи да бидат што поквалитетни од позитивен аспект за да бидат во согласност со Уставот според евроатланските стандарди кон кои се движиме.

Затоа овој закон за полиција треба да го даде својот придонес во адекватните реформи за да овозможи забрзување на динамиката на реформи во секторот за внатрешни работи, а со тоа да помогне во интегрирањето на Република Македонија во евроатлантските структури.

Во продолжение мислам дека законот за полиција за кој говориме со сите свои недостатоци од аспект на недостаток на етнички консензус политички, а зошто не и етички консензус никако не е во согласност со Уставот и Охридскиот договор ниту со евроатлантските стандарди кои се реформски.

За да ги аргументирам претходните зборови ќе кажам неколку забелешки во однос на овој Предлог закон за полиција.

Спомнувајќи неколку членови кои мислам дека треба да имаат промени во тие членови како на пример во членот 7 каде се вели дека полицијата укажува помош или асистенција за спроведување на извршна одлука, тука треба да се донесе уште една одредба која ќе дефинира она што значи помош од страна на полицијата во административните органи. Често пати административните органи, без оглед дали се централни или локални, често пати се соочуваат со тешкотии при реализирање на одлуките кои истите органи ги донеле. Тука можат да се спомнат повеќе случаи во локалната самоуправа како што е Тетово, Гостивар, каде на локалните органи им е потребна полициска помош за спроведување на одлуките на органите кои самите ги донеле. Во членот 7 став 2 се вели дека барањето за асистенција се испраќа до полицијата во рок од 5 дена, а не се дефинира ни делот ни органот на полицијата каде се испраќа ова барање. Барање кое може да се упати до полициската станица кое има за задача или може

да се обрати до некој друг сектор за внатрешни работи така што мислам дека треба добро да се дефинираат работите до кој полициски орган треба да се упати барањето, значи барањето за полициска асистенција или помош. Овде не е јасно.

Во членот 8, според мое мислење, е многу значаен, бидејќи го дефинира начинот на упатување претставка за работата на полицискиот службеник во случај кога полицијата ги надминува своите обврски или своите задачи при реализација на одредени задачи. Тука се вели дека во рок од 30 дена треба лицето на кое му е дадено тоа право да бара информација околу прекршување на неговите права не се дефинира до кој орган треба да се дефинира ова барање на лицето кое е оштетено во случајот. Доколку кршењето на правата и слободите на човекот е направено од страна на еден сектор од полицијата или полициска станица, тогаш нема смисла жалбата да се упати до истиот орган, бидејќи поговорката вели “волк волкот не го јаде” мислам дека можеби тука не е добро дефинирано или е дефинирано со законски акт да има посебна комисија со надлежности од областа на работата на Министерството за внатрешни работи односно полицијата. Тоа е комисија која ќе ги прими овие обжалувања и истите ќе ги разгледува. При надминување на надлежностите од страна на полицијата често пати се формираат комисии, тие се формираат и во нашиот парламент, во Парламентот на Република Македонија за разгледување на тие случаи и на крај секогаш вели дека полицијата имала право.

Значи, тука треба добро да се дефинира што е што.

Во членот 20 како и голем број други членови освен што се определени осум места опфатени во сектори за внатрешни работи, мое мислење е дека е добро да се опфати и Кичево, Дебар, Струга и Гостивар, во овие сектори за внатрешни работи. Според овој член јасно се гледа дека не е испочитуван ниту еден критериум, туку ова е направено со позадина, општините со мнозинство албанци да бидат контролирани од сите аспекти на непосреден начин од страна на Министерството за внатрешни работи.

Членот 26 исто така се однесува на регулирањето на државните граници има голема нерационалност, а таа се однесува и во однос на прашањето на граничната полиција и центрите каде ќе бидат поставени нивните команди, каде посебно во делот на западната граница што се контролира од центарот Охрид што се наоѓа на југозапад од државата, значи еден апсурд кој не може да се голтне.

Моите забелешки се и во однос на членот 46, каде што се зборува за задржување на одредени лица во полициските станици од 6,00 до 22,00 часот. Досегашната праксика вели  дека во најголем број на случаеви тоа не се почитува и можеби во текот на ова време може да дојде до пострашни физички и психички малтретирања на лицето. Тоа значи, што ќе се случи доколку се надминат овие надлежности од страна на Полицијата. Тоа ме интересира?

Кој дава дозвола за ослободување на приведеното лице? Тоа е членот 97. Таму, првиот став се контестира од вториот став. Тоа остава голем простор за манипулација од страна на власта, на полициските власти и Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Овој член, односно овој втор став да се употреби според индивидуални оценки на власта односно на Министерството за внатрешни работи и на Полицијата, што всушност за него имаше голем број амандмани што беа дискутирани. Има и позитивна страна што требаше да резултира со промени. Но, како што се гледа, наидовме на глуви пратеници на глуви луѓе и не дојде до тие промени. Знаеме дека систематизацијата во МВР е еден вид на голема пречка, бидејќи систематизацијата ги определува обврските на вработените. Таа им дава надлежности што лесно можат да се злоупотребат при нивното востоличување на субјективен начин. Тоа значи, со засновување на работен однос, внатрешно засновање на работен однос, со такво вработување без конкурс, без јавни конкурси, тоа е една слободна зона за манипулиација, според ингеренции на авторитети што можат слободно да го злоупотребат овој став.

Самиот факт дека во вториот став предност во вработувањето се дава само на дипломирани студенти од Полициската академија тоа претставува еден вид дискриминација во однос на другите институции што едноставно се игнорираат, иако сите знаеме дека често пати се појавува потреба за разни работи и за овие институции. Всушност, тука се работи за пополнување на потребите од областа на правото, економијата и тн. Всушност, барам ова претставување тука да имаме што поадекватно претставување на сите заедници, немнозински заедници, за да им се гарантира, всушност што е гарантирано ова право со Охридскиот рамковен договор и што претставува уставна обврска.

Како пратеник која што претставувам гласачко тело, никако не можам да бидам ладнокрвна и неутрална во однос на овој закон за Полиција. Текстот е нерационален, со голем број аномалии, недостатоци, со голем простор за големи манипулации, на секое место и во секое време, според субјективна оценка на овластени лица. Меѓутоа, истовремено, изразувам и свој надеж бидејќи се надевам дека ќе надвладее човечкиот разум со човечките идеи, напредни, лица кои треба да го допрат копчето за донесување на овој закон, дека ќе бидат разумни и свесни за минатото, но и за иднината. А, иднината е на народот, особено кога станува збор за иднината нивна лична и нивните деца.

Општо земено, овие лица треба да ја имаат рпедвид безбедноста, сигурноста, стабилноста, вкупно во државата. Доколку во минатото криминалците, нарко дилерите, шверцерите и т.н.

шетаа слободно околу училиштата и на секаде, тогаш да влијаеме на овој хаос да му дојде крај.

Сите ние знаеме дека овој закон е еден пример кој не ја помина ниту експертиза на Европската заедница и сите сме свесни за големите недостатоци на текстот на овој Предлог на закон за Полиција. Затоа, уште еднаш апелирам овој закон да не се гласа, туку да се повлече. Да се земе на доработка од компетентни експерти за да биде многу поотворен за сите н

ас. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Садул Адураку.

**Садул Адураку:** Во благодарам.

Ќе се заложам да и помогнам на госпоѓа Јанкуловска во однос на Предлог-законот што ни е поднесен пред нас пратениците во ова Собрание, во овој парламентарен дом за да го донесеме истиот или да не го изгласаме.

Господине Георгиевски, госпоѓице Јанкуловска, почитувани дами и господо пратеници,

Законот за полиција во себе треба та го содржи, во прв ред, духот на Охридскиот рамковен договор и понатаму да биде усогласен со другите правни акти, како што е Уставот, Законот за внатрешни работи, Законот за локална самоуправа како и во себе да ги опфати и меѓународните стандарди. Оваа верзија на овој Предлог на закон е изготвена од бившиот министер на Полиција, кога ги дадовме нашите забелешки, кога и јас бев министер, а во тоа време и ние, Демократската унија за интеграција бевме на власт, овој закон беше на расправа, нашите забелешки тогаш ги искажавме, така што можат да се земат стенограмите и од Владата, па да се видат. Оваа верзија на законов, изготвена од бившиот министер на Полицијата нема ништо заедничко со Охридскиот рамковен договор. Сите вие знаете, а и сите граѓани на Република Македонија дека е тоа еден договор што го отвора патот кон Европската унија. Предлогот на законот е противуставен и спротивен на Законот за локална самоуправа.

Оние кои настојуваа да го донесат овој закон, а за да се донесе овој закон најнапред треба да се има предвид фактот, претходно мора да се имаат сознанија или да го прочитаат Уставот на Република Македонија, Охридскиот рамковен договор и другите законски акти и одредби, и оние закони кои се донесени од овој парламентарен дом, така што со жалење ќе ви кажам една вистина:

Бившиот министер за внатрешни работи има можност да ја обвини Јанкуловска за плагијат или препис, според Законот што го имавме порано донесено за оние кои препишуваат, да се покрене кривична пријава, бидејќи Законот е изготвен од Џанго, додека Јанкуловска само го има наведено своето име на овој Предлог на закон.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молоам, држете се до темата. Законите немаат автори и не подлежат на Законот за авторски права.

**Садул Адураку:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Оваа верзија на Предлогов на закон е едно настојување на сите политички партии на власт и инсталираните структури во Министерството за внатрешни работи, значи одредбите од Охридскиот рамковен договор и Законот за локална самоуправа да се обезвреднат. Бидејќи само на тој начин тие ќе можат да имаат апсолутна контрола врз безбедносните сили и јавната безбедност.

Што сакам да кажам?Предлог-законот за полиција, во своите членови, што се во неговата внатрешност не ги предвидува и не го опфаќа во себе што го цитирав малку погоре. Широката јавност е вчудоневидена како ова парламентарно мнозинство успеа да се согласи околу последната верзија на овој Предлог-закон. И, тоа, без да се направи било каква интервенција во одредбите што се спорат.

Претходно реков, а ќе повторам и сега дека е од големо значење за граѓаните на Република Македонија овој Предлог-закон за Полиција за да се известат истите и тоа одблиску, со пратениците кои го добиле гласот од самите граѓани, дека во овој закон не се имплементирани одредбите од Охридскиот рамковен договор. Тука, во неколку аспекти: употребата на албанскиот јазик, тоа со овој закон не е воопшто уредено. Или, подобро кажано, целосно е запоставен албанскиот јазик. Каков ќе биде натписот на Полицијата? Каков ќе биде натписот на униформите? Каков ќе биде натписот на Полицијата на возилата? Како ќе се даде заклетвата на немнозинската заедница, односно Албанците, Власите, Турците, Ромите и другите заедници? Како ќе се одвива комуникацијата со немнозинските заедници? За цело време колку што сме имале можност да го прочитаме и разбереме овој закон, тој во себе не го има опфатено тоа што претходно го наведов.

Ќе се задржам на тоа да упатам сугестии до госпоѓа Јанкуловска и до пратениците од мојата лева страна.

Во мултиетничките општества, демократските, улогата и функцијата на Полицијата е едно сензитивно прашање. Но, поедноставно да кажам дека е доста чувствително прашање, но над се е полицијата, да не ја наречеме како еден дух на нашите граѓани, туку овој закон да биде реален и прифатлив за сите граѓани. Затоа, одредбите во однос на Полицијата треба да се засноваат и во секое време да ја рефлектираат реалноста, мултиетничката реалност на нашата земја.

Охридскиот рамковен договор е основната рамка што ја обезбедува демократската иднина на Република Македонија. Таа овозможува развој на односите, поблиските односи и поинтегрирачки помеѓу Република Македонија и евроатлантските структури.Затоа, законските одредби во однос на

полицијата треба да се засноваат во одредбите што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор.

Истовремено, решенијата што треба да ги понуди новиот закон за Полиција треба да бидат во согласност со меѓународните стандарди, пред се со препораките на ОБСЕ во однос на Полицијата во мултиетничките општества објабвено во февруари 2006 година. Ова е една заложба да укажам на разумноста на левиот дел од овој парламентарен состав. Значи, Република Македонија е мултиетничка држава и поради оваа причина треба да имаме и мултиетничка полиција.

Актуелниот Предлог-закон во повеќе димензии, уште од општите начела на функционирање на Полицијата, до нејзината улога во заедниците, не го рефлектира мултиетничкиот карактер на нашата држава. Во меѓувреме, овој документ може да служи како една добра техничка рамка, технички да функционира. Можеме да имаме пораст од стручна страна, меѓутоа не содржи ниту една политичка рамка, исто како што и самата држава Република Македонија.

Дали некој сака или не, Република Македонија е создадена од многу заедници кои живеат во неа. Ова е едно богатство, многу големо богатство за оваа држава, за оние кои сакаат да ја сфатат оваа реалност. Мислам дека концептот на Предлогот на законот за Полиција што е пред нас треба да биде изграден со мултиетничкиот концепт.

Законот за полицијата треба да ги признае и да го нагласи значењето на Полицијата што треба да го има во односите меѓу заедниците во Република Македонија. Во демократските општества Полицијата треба да се претвори, од еден насилен апарат во еден услужен апарат за самите граѓани. Од еден апарат на страв, во еден безбедносен апарат. Оваа цел се постигнува преку обезбедување на блискоста на полициската служба во однос на граѓаните.

Јас имам многу да говорам...

**Љубиша Георгиевски:** Привршувајте скоро.

**Садула Дураку:** Јс ќе говорам и по паузата, бидејќи имам многу да зборувам во однос на овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Давам пауза од еден час за ручек.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор господинот Садула Дураку.

**Садула Дураку:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Кога говорев во однос на целта на законот за полиција, односно Предлог-законот за полиција, треба да го нагласам значењето на полицијата во однос на заедниците во Република Македонија. Во мултиетничките демократски општества полицијата треба да се претвори од еден насилен апарат, во еден услужен апарат на сите граѓани. Од еден апарат на страв во еден безбедносен апарат. Оваа цел се постигнува преку обезбедувањето на блискоста на полициската служба во однос на самите граѓани и реципрочно, граѓаните до полицијата. Ваквата блискост се обезбедува преку воспоставување на системот на заеднички акции меѓу полицијата и граѓаните за решавање на безбедносните проблеми од јавен карактер.

Втора цел, е создавање на механизми за интеграција на припадниците на немнозинските заедници во безбедносните структури. Само една вистинска интеграција која ќе се оствари со посредство на акциони планови за имплементација на една ваква интегрирачка политика, ќе се обезбеди една добра основа за изградба на взаемната доверба. Правичната застапеност во мултиетничките општества е основниот столб за функционирањето на еден добар однос помеѓу полициската служба и населението.

Затоа, полициската структура треба на секое ниво да го рефлектира мултиетничкиот карактер на земјата. Поради оваа причина, правичната застапеност како основно начело на Охридскиот рамковен договор треба исто така да биде основно начело утврдено и санкционирано со законот за полиција. Овој Предлог-закон за полиција треба да има задолжителни одредби за остварувањето на процесот на правичната и соодветна застапеност на сите нивоа и на безбедносните структури. Исто така, треба да се утврди иницијативата и конкретните постапки преку кои ќе има пораст на застапеноста на заедниците кои се помалку застапени во полициската служба. Акционите планови за обезбедување на интеграцијата на немнозинските заедници треба да има одредени временски рокови во кои рокови треба да се обезбеди правична и соодветна застапеност,а не за цело време да се говори и само да се говори дека правичната и соодветна застапеност на заедниците во полицијата тече добро, а де факто и де јуре е многу спор овој процес. Токму во овој Предлог- закон за полиција треба да се предвидат и брзата акција на немнозинските заедници, истите да се вклучат во полициските органи. Законот за полиција, исто така, треба што е можно побрзо да предвиди како да се дојде до правичната и соодветна застапеност и недискриминаторска за албанските и другите заедници во полициските служби. Составот на полициските патроли треба да биде во согласност со составот на соодветното население и да се почитува уставната категорија за правична и соодветна застапеност. Официјалната употреба на албанскиот јазик во Предлог-законот за полиција, ниту од блиску не предвидува како треба да се користат јазиците на другите немнозински заедници со посебен нагласок на албанскиот јазик. Спорот на многујазичноста да се прифати многујазичната

реалност на Македонија, доброто уредување на јазичниот аспект е еден значаен предуслов во самиот закон за полиција, без кој предуслов, комуникацијата и соработката внатре во полициската служба, како и помеѓу полициската служба и населението ќе биде непродуктивно. Ова подразбира вработување на двојазичен персонал, двојазични патроли и да се понудат информации на соодветниот јазик на граѓаните. Значките на полицијата треба да бидат напишани двојазично. Исто така, возилата на полициските служби, како и објектите каде има полициски станици треба натписите да бидат на два јазика. Комуникацијата со населението со граѓаните е едно чувствително прашање и од големо значење. Полицијата во мултиетничките општества треба да располага и регрутира многујазични командири и началници, за да се обезбедат што поефикасни услови и што подобра соработка со самото население. Само многујазична полиција може да одигра поактивна улога и да ги поттикне етничките заедници да ја чувствуваат полицијата и да се чувствуваат сигурни како немнозинска заедница во Република Македонија. Многујазичната комуникација создава и постигнува една взаемна и сигурна доверба во Република Македонија.

Исто така, полициските операции, посебно кога ќе се издаде наредба за приведување, информативни повикувања и слично, составот на полицијата треба да биде заснован во однос на мултиетничката реалност двојазична во Република Македонија. Сето ова што го кажав според овој закон за поефикасно функционирање на полицијата во самиот закон е предвидено во членот 20, Македонија да има 8 сектори за внатрешни работи.

Во членот 20 во Предлог-законот за полиција вели, цитирам:"За вршење на полициските работи на територијата на Република Македонија се формираат сектори за внатрешни работи. Секторите за внатрешни работи се формираат во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците, како и значењето на патните правци и географската положба на општините кои ги зафаќа Секторот за внатрешни работи".

Сектори за внатрешни работи, согласно овој закон се: Сектор за внатрешни работи во Скопје, нема да ги читам сите градови кои ги опфаќа Скопје, Сектор за внатрешни работи во Битола, Сектор за внатрешни работи во Велес, Сектор за внатрешни работи во Куманово, каде ќе направам еден осврт и ќе го илустрирам со конкретен случај за една дискриминација во однос на Албанците и во однос на другите немнозински заедници во Република Македонија Секторот за внатрешни работи во Куманово, со седиште во Куманово, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Кратово, Крива Паланка, Куманово, Ранковце, Липково и Старо Нагоричане.

Исто така, Секторот за внатрешни работи во Охрид со седиште во Охрид, каде се опфатени за вршење на полициски работи на подрачјето на општината Вранешница, Вевчани, Дебар, Дебарца, Другово, Зајас, Кичево, Осломеј, Охрид, Струга и Центар Жупа. Во сите овие сектори за внатрешни работи вкупно ќе има 38 полициски станици. Со општи надлежности на овие полициски станици, само 5 од нив ќе бидат во општините со албанско мнозинство. Мајоризацијата на Албанците јасно се гледа во овој Предлог-закон. Фактите ја кажуваат вистината. Во Секторот за внатрешни работи во Тетово кој ги опфаќа сите бивши општини на Тетово. Во Гостивар има околу 305 илјади жители, каде има само две полициски станици од општа надлежност. Додека во Секторот за внатрешни работи во Штип, кој има само 250 илјади жители ќе има 7 полициски станици од општа надлежност. Дали ова не е некоја дискриминација? Ова ќе го илустрирам понатаму. За секој жител во Секторот за внатрешни работи во Тетово доаѓа 152 илјади и 500 жители во Тетово и Гостивар да се снабдуваат со лични документи, додека само 35 илјади и 600 жители во Штип ќе се опслужуваат од една полициска станица од општа надлежност, што значи дека 5 пати повеќе во Тетово и Гостивар одошто во Штип и тамошните полициски станици. Ова значи дека во тие полициски станици треба да има 5 пати повеќе вработени, а еден во општината Штип. Тоа што се предлага со овој закон е граничната полиција што е дадено во членот 26. За вршење на полициските работи што се однесуваат на обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница се формираат регионални центри за гранични работи и тоа: Регионален центар Југ, со седиште во Кавадарци, Регионален центар Исток со седиште во Делчево, Регионален центар Север со седиште во Скопје и Регионален центар Запад со седиште во Охрид. И за најголемиот лаик, ова е сосема јасно.

Ќе се навратам повторно за Секторот за внатрешни работи во Куманово. Бидејќи јас доаѓам од тоа подрачје ќе ви објаснам на сите присутни да знаете дека овде е направена една видлива неправда.

Добро е да има неправда, но да не биде толку видлива да биде една модерна дискриминација, а не да биде тотална дискриминација.

Во Секторот за внатрешни работи Куманово, полициски станици од општа надлежност, предвидени се во Крива Паланка, Кратово и Куманово. Кратово со население, врз основа на податоците од Републичкиот завод за статистика е 10.440 жители, Крива Паланка 20.820 жители, додека општината од каде јас доаѓам е една уништена економска општина без економска основа каде воопшто не е интервенирано од страна на државата, сите знаат има многу вода додека населението е жедно за вода, има 29.000 жители, што значи приближно колку две општини е општина Липково, а нема полициска станица од општа надлежност. Дали ова не е

дискриминација? Дискриминацијата нема робови почитувани пратеници. Но, има финеси во законите. Со жалење, со овој закон вие сакате да бидеме членка на Европската унија. Вие господа пратеници од мојата левата страна на овој начин со дискриминацијата на едно население нема да можеме да чекориме позитивно кон Европската унија. Кој ќе страда? Ќе страдаме сите заедно, ќе страдат нашите наследници, без разлика на нација, вероисповест и боја. Тогаш, кој ќе биде виновник? Да, ние ќе бидеме виновници и самиот раководител, самиот минстер и сите ние пратениците од страна на позицијата. За да се подобрат овие направени пропусти во Предлог законот за полиција би било попдобро една полициска станица од општа надлежност да биде во општина Липково и исто така да се предвиди како регионална полициска единица за гранични работи и градот Куманово. Несватливо е Скопје да биде регионален центар кога Куманово е една поголема општина со жители во цела Македонија и да нема регионални гранични центри каде гравитираат 20 или 30% од граничните премини од Куманово до Бугарија. Значи, за да се подобрат овие пропусти и законот да биде посодржински и да има мултиетнички дух и мулти јазичен дух на госпоѓа Јанкуловска, таа треба да се замисли и да го повлече овој Предлог закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре за внатрешни работи.

Повеќе од десетина дена расправаме по законот за полиција и морам да истакнам дека навистина имаше многу опсежни дискусии, поготово од опозицијата која, повеќе од сигурно е дека многу подобро го чита Предлог законот од позиција на опозиција, отколку кога се на власт. Сите овие дискусии ако ги воделе на време, тогаш верувам дека и нивните министри кога беа во Владата можеби ќе работеле на тоа да се направи друг текст на законот за внатрешни работи.

Исто така сакам да нагласам дека овој законски проект по кој ние расправаме овие десетина-петнаесет дена, сепак е резултат на компромис, бидејќи новата Влада прифати овој закон да биде во собраниска процедура, прифати да оди овој законски текст, како резултата на разговорите кои беа водени помеѓу претседателот на Владата и лидерите на опозиционите политички партии.

Ако не беше условувањето дека овој законски проект нема да го гласаат доколку не се направат некои битни промени, тогаш сигурен сум дека министерот за внатрешни работи и Владата во целина ќе можеа да интервенираат во некои членови од овој законски проект. Но, наместо брзо да оди цела ова процедура, ние сме сведоци дека сите деловнички и вонделовнички можности се користат овој закон да се опструира, значи неговото донесување да се развлече. На тој начин ако и натаму сите овие активности околу носењето на овој закон не ги забрзаме, тогаш со право граѓаните го поставуваат прашањето дали е можно по едно вака стратешко прашање кое е битно за побрзо чекорење кон ЕУ, или како еден од главните услови за определување на датата за отпочнување на разговорите за влез во ЕУ, тогаш навистина сме во една тешка состојба. Сигурно дека треба да се направи напор колку што е можно, сите политички партии застапени во Парламентот да ги надминат своите тесно партиски интереси, да ја надминат потребата уште на почетокот на мандатот со популистички говори да придобијата колку е можно повеќе да речеме приврзаници.

Ќе кажам сега неколку работи околу законскиот текст, но да нагласам само уште тоа дека можеби треба, тоа го покажаа сите дискусии, да ја промениме 4 годишната пракса, прво да се расправа за амандманите, а после тоа да се води претрес по законот. Можеби треба да прекинеме и во иднина по законските проекти прво да се води општ претрес и заедно со претресот да се расправа за амандманите. Можеби тука ќе има потреба и од инетервенција во самиот Деловник, да биде јасно дека прво се води општ претрес, а после тоа за амандманите, бидејќи и во Деловникот стои дека заедно со општиот претрес и со претресот се расправа и за амандманите.

Ако расправаме за структурата или за концепцијата на овој закон, тогаш јас лично сум заложник да се конципира таков законски проект со кој ќе се дадат повеќе надлежности на подрачните единици на Министерство за внатрешни работи. Тој концепт уште во 1991-1992 година го застапува и тој во праксата покажа позитивни резултати. Меѓутоа, тоа е моето видување. Овде ако настапиме на таков начин, сигурно дека ќе се судриме со некои уставни и законски решенија од системските закони, затоа што повеќе време разговареме за тоа дали е потребна поголема децентрализација и дали воопшто е можна децентрализација на полициските работи, вклучувајќи го Охридскиот рамковен договор, Уставните амандмани, па и Законот за локална самоуправа, сосема е јасно дека овде никаде не се зборува за децентрализација на полициските работи.

Она што го заговара Охридскиот рамковен договор и Уставните амандмани, тоа е преточено и во Законот за локална самоуправа каде сосема јасно стои дека Советот на општината го бира раководителот, началникот, или во овој случај командирот на полициската станица, а пак од друга страна командирот има обврска да го информира Советот за состојбите во јавната безбедност и сообраќајот на патиштата. Така што никаде нема ниту уставна ниту законска основа, во локалната самоуправа, граѓаните посредно или непосредно, преку своите претставници во Советот да одлучуваат за полициските работи. Тука од тој аспект ако гледаме, уставните и законските промени што се направени, тука Владата во целина правилно постапила што го концепирала таков законот.

Сега прашање е дали е можно да има повеќе надлежности полициската станица, бидејќи околу тоа најмногу се расправа. Вака како што е концепиран законот за полиција, тоа е можно, бидејќи одредени посложени работи ги извршуваат централните полициски служби, понатаму Секторите за внатрешнир работи, но и полициските станици, бидејќи не се двојат полициските работи на начин што, ќе речеме дека не е можно одредени надлежности да се пренесат на полициската станица. Напротив, законот дава таква можнст и тоа ќе зависи од министерот за внатрешни работи дали одредени работи ќе остави и натаму да ги вршат полициските станици, бидејќи во самиот закон стои дека за извршување на полициските работи се формираат и полициски станици, или пак индиректно ако се извлече таква обврска од тоа што командирот на полициската станица имаат надлежност да го инфорира Советот на општината за состојбите во јавната безбедности патниот сообраќај, тоа значи дека сите работи што се од надлежност на јавната безбедност, на некој начин можат да бидат префрлени на полициската станица. Таа структура сега како што е оставена, нема некое законско лимитирање, и сигурно дека треба етапно сега да се одвиваат работите, од минимум да се почне, да се даде на полициските станици, за понатаму праксата да покаже дали деконцентрацијата на работите ќе оди во правилна насока, ќе имаме поефикасно работење, или пак ќе се развиваат некои други процеси.

Има многу расправа околу поделбата на сектори. Таа поделба е направена многу поодамна. Тогаш беа, 1991-1992 година 11 сектори и без политички влијанија и притисоци, таква поделба беше направена.

Јас не можам сега точно да одговорам на прашањето зошто наместо 11 сега се 8 сектори, поготово околу тоа зошто и натаму да не биде Прилеп сектор за внатрешни работи, или Кочани, па и Гевгелија. Но, никогаш не било поставено прашањето околу тоа Струга да биде посебен сектор за внатрешни работи, затоа што и бројот на населението и проблемите кои се јавуваат таму и развиеноста, секогаш Охрид имал предност при формирањето,или при определувањето каде да биде лоциран центарот на овој сектор.

Овде, исто така има голема расправа околу седиштето на Регионалните центри за гранични работи. Мислам дека апсолутно не е битно каде ќе биде лоцирано седиштето на Регионалне центар за гранични работи. Сигурно дека тука треба да се има предвид и голем број на други елементи, сообраќајната поврзаност, системите за врски итн, се со цел да се обезбеди интегралоно гранично управување. Ние можеме сега кој од каде потекнува да навиваме, не знам Регионалниот цнтар за западниот дел од границата да биде во Кичево, Струга, Дебар, итн, или пак за северниот дел на границата, наместо во Скопје да биде во Куманово. Но, тука суштински ништо не се менува, бидејќи активностите се одвиваат на граничната линија или некаде во длабина околу граничната линија. Така што, центарот каде ќе се даваат насоки каде ќе биде лоцирано тоа, не е толку битно.

Прашањата сврзани околу некои клучни и битни надлежности, првенствено сврзани за издавање на лични карти, пасоши, па и определување на државјанство инт. Овие работи 15 години се предмет на расправа. Еве само ќе се задржам на тоа кој ќе дозволува некој да стане државјанин на Република Македонија. Тоа во времето на СФРЈ беше во месните канцаларии. Мислам дека таа пракса многу лошо се одреди во целина и Република Македонија. Но, како што беше тоа направено, само централни институции во државата да одлучуваат за државјанство. Тоа сега така е направено и во Законот за полициски работи, Законот за внатрешни работи, меѓутоа посебно тоа е регулирано во Законот за државјанство. Нема држава во светот каде за прием за државјанство за одредена држава, да одлучуваат некои, не знам, месни канцаларии, или пак да се одлучува тоа на ниво на општина. Така што сите тие дилеми кои беа присутни во јавноста треба да бидат расчистени дека за тиа прашања може да одлучуваат само централните институции, бидејќи можни се злоупотреби во таа област па и околу пријавувањето на престој, живеалиште итн. Тоа е околу надлежностите.

Понатаму, гледајќи ги некои од законските решенија, да речеме за мене исто така отвара дилеми формирањето на оддел за организиран криминал, при што во член 18 се дифинира што е тоа организиран криминал. Мислам дека непотребно се оптоварува законскито текст. Но, имајќи во вид дека Република Македонија се соочува со разорното дејство на организираниот криминал или корупцијата, еве има една таква одредба која можеби треба да се пришири, околу тоа што претставува организиран криминал, поготово што е изоставен институционалниот организиран криминал кој е многу карактеристичен за Република Македонија, бидејќи носители на високи позиции од власта, се вклучени во организираниот криминал.

Понатаму, сигурно дека има и некои други одредби кои создаваат дилеми од аспект на тоа дали тие се одраз на новото време, или пак се работи за рецидиви од старото време. Уште полошо некои одредби, да речеме се, наместо во правен или некој друг акт, сега се дадени како посебни одредби во законт. Јас само за две три ќе кажам свои размислувања. Тоа е член 43 од Законот за полициски работи, или повикувањето, познато во праксата како информативен разговор. Сметам дека ваква законска рамка сега, на информативниот разговор, отвара можности за злоупотреби, дури и за загрозување на основните права на граѓаните, бидејќи таква законска одредба до сега и немало ниту во Законот за внатрешни работи, ниту во други закони. Така што, сигурно тука има, тоа е како отворено прашање и натаму ќе биде предмет на

разгледување. Не е добро разграничено тоа што е преглед, што е претрес. Тука исто така праксата ќе создава одредени проблеми и сигурно дека во постапувањето, често пати, бидејќи полицијата на некој начин е репресивен орган, презема мерки на лице место, посебно околу употребата на средствата за злоупотреба, можно е некогаш да има и пречекорување и злоупотреба. Тогаш, на лицето, вели, му останува право на преставка.

Мислам дека тој термин, или како институт полека треба да го надминуваме бидејќи широко е тоа да поднесеш претставка до полицијата. Тука мора да бидат појасни работите. И на крај ќе кажам како можеме тоа да го надминеме за да не се инсистира на менување на некои законски одредби. Дилема е околу снимањето, или видео аудио надзорот на јавни места, на јавни собири, дали тоа нема да се крши, бидејќи со уставните амандмани, бидејќи овие аудио видео снимки ќе бидат користени и во судска постапка. Бидејќи во уставните амандмани е кажано дека самно со одлука на суд, значи на надлежен суд овие информации добиени на овој начин можат да бидат користени во постапка. Но, што кажува праксата. Скоро секаде во сите држави ние имаме и видео и аудио записи на сите натпревари, фудбалски натпревари и други спортски натпревари и на јавни собири. И тие докази веќе се користат во судската пракса и на секаде и во некои други организации и институции што решаваат по одредени спорови. Тука треба навистина околу тоа да се размислува. Има и други одредби кои отвораат дилема посебно од аспект на нивната практична примена. Но, што е мојата идеја? Мојата идеја е за да се надмине некоја примена на овие законски одредби тоа може да се направи со подзаконските акти за да се расчистат дилемите. Не знам, можеби сосема јасно може да се предвиди во некои од правилниците, или во правилата за вршење на работата на полицијата. Додека снимањето, или аудио видео надзорот може да се направи само со претходни најави на јавни места и тоа да биде обврска на полицијата независно што во законот е дадена само како можност, а не и како задолжителна потреба тоа да се прави, претходно да се објави. Тоа важи и за многу други законски одредби кои што можат на поинаков начин да бидат во праксата спроведувани, тоа може министерот за внатрешни работи сите тие работи добро да ги компонира во подзаконските акти и на тој начин имплементацијата на законските одредби да биде во духот на поголеми права, или поголема заштита на основните човекови права. За мене многу отворено прашање е дали припадник на полицијата или полициски службеник, работници на Министерство за внатрешни работи во целина со посебни права и овластувања, припадници на Агенцијата за разузнавање и некои други институции кои вршат многу важни работи поврзани со откривање на криминалот, работи поврзани со безбедноста, интегритетот и суверенитетот на државата, дали натаму да прифатиме да можат тие да членуваат во политичка партија. Искуството покажува во последните 15 години дека е огромно влијанието на политичките партии во сите овие институции и сето тоа негативно се одразува на ефикасноста на работата. Скоро сите политички партии имаат иста проценка ако остварат битно влијание над Министерство за внатрешни работи дека на тој начин практично ја остваруваат, или ја реализираат власта во целина. Тука треба да се користат споредбените искуства кои за жал не се на наша страна, не се на тоа за што јас се залагам, бидејќи во голем број држави припадници на полицијата можат да членуваат во политичка партија. Но, можеби кај нас треба во таа насока да се размислува, да се отвори расправа дали припадник на полицијата, полициски службеник може да членува во политичка партија. Инаку, тоа е врзано и за унапредување на повисоко работно место, бидејќи во изминатите години се досега главен критериум за унапредување во службата, за поставување на началник на подрачна единица првенствено се оди на тоа какви се неговите линкови со политичките партии што доаѓаат првенствено на власт. Таа пракса мора да се прекине бидејќи сега на некој начин обезбедува новиот закон за полиција работно искуство 6, или 10 години, значи предвидува една постапка која беше многу оспорувана, а тоа е голем чекор напред, тоа е транспарентноста на кадровската политика, или со подзаконските акти се предвидува јавен оглас за потребите на сите припадници на Министерство за внатрешни работи кои што можат да конкурираат за одредено место, повисоко место, дефинирани критериуми и можеби на тој начин ќе се надминат сите овие линкови кои што припадниците на Министерство за внатрешни работи, на полицијата ги воспоставуваат со партиите, туку напротив професионалноста постигнатите резултати да бидат битни предуслови за унапредување во кариерата, а тоа на некој начин го гарантира што Законот сега предвидува транспарентност.

Дали ние треба да прифатиме сугестии од опозицијата целиот законски проект да се врати назад во некоја друга фаза? Мислам дека тие барања се апсолутно неприфатливи бидејќи и да се врати овој законски проект за месец дена ќе се соочиме со истите прашања, со истите дилеми и повторно можеби ќе расправаме со денови и недели и ништо битно нема да се промени.

Овој политички консензус што е обезбеден сега околу носењето на овој законски проект, или на овој законски проект сега, мислам дека треба да се придружат и пратениците од ДУИ и оние што сега се обидуваат и покрај тоа што преземаа обврска да гласаат за законскиот проект, посебно пратениците од ЛДП, сега бараат рачка зошто не би гласале итн. Мислам дека на тој начин ако обезбедиме еден поширок консензус, ако ги надминеме сите овие теснопартиски интереси тоа ќе биде голем поен за Република Македонија

и на тој начин законскиот проект кој мораме да признаеме дека добил поддршка од Советот на Европа, од голем број на експерти од меѓународните организации и сега ако таа поддршка не ја искористиме, ако не го донесеме овој закон кој што како што реков на почетокот е еден од битните услови за Македонија да се доближи до стандардите на ЕУ, за започнување, или за определување на датумот за преговори за влез во ЕУ, тогаш ќе изгубиме многу време и сето тоа ќе биде на штета на сите граѓани, без разллика на етничката припадност, ќе биде на штета на Република Македонија. Значи, мојот апел би бил низ една конструктивна расправа за подзаконските акти да се подобрат некои решенија. Но, на крај апелот бил дека ќе биде од огромен интерес ако овој закон го донесе овој Парламент и тоа што е можно побрзо.

**Љубиша Георгиевски:** Реплики, Џеват Адеми три минути, Рафис Алити три минути, Теута Арифи три минути, Јакупи три минути и Дураку три минути. Пет реплики по три минути по овој редослед. Пет контрареплики за Павле Трајанов по една минута. Реплика, контрареплика, реплика контра реплика. Се договоривме, повеќе нема.

Џеват Адеми, реплика.

**Џеват Адеми:** Ви благодарам господине Георгиевски. Бездруго дека госодинот Трајанов е добар познавач на оваа материја врз основа на неговото искуство во работата во овие државни структури. Јас ќе зборувам за два сегменти кои што ги нагласи господинот Трајанов, дилемата кој што гласно ја искажа дека треба да се дозволи со Законот претставниците на Министерство за внатрешни работи, потоа на Агенцијата за разузнавање или пак полициските службеници треба да бидат членови на политички партии. Ова навистина е многу деликатна и дискутабилна тема не само заради непристрасноста на институцијата наречена Министерство за внатрешни работи, припадници на полицијата, претставници на службата за разузнавање, но поради фактот дека се закануваат со нивна импликација во политичките активности и структуирањето и политичкото позиционирање на субјектите што од искуство за жал ги имавме во минатото. Иако ова прашање сеуште е непрецизирано со закон. Но, сакам да го прашам господинот Трајанов, која е неговата грижа, или загрижување околу инфилтрирањето на овие структури или пак од влијанието на политичките партии, или пак обратното, значи на овие служби во однос на политичките партии мислам дека е компетентен и говори одговорно во однос на ова прашање. А дилемата која што само ја допре, а не ја објасни е потребата за овој да се обезбеди еден поширок политички консензус. Господине Трајанов, од ден на ден гледам дека и она малку, оној унисон,или пак оној договор меѓу политичките партии од десната страна, а не од левата страна, мислам дека од ден на ден навистина се губи. И не сум убеден дека го имаме тој политички консензус. Се разбира го издвојувам етничкиот консензус, но мислам дека консензус на кој што се договоривме, од ден на ден бледее и не сум сигурен дека нема потреба овој закон да се врати, односно треба да се отвори нов дијалог, нов простор, да се создадат услови за создавање на вистински консензус. И сигурно нема да ни се повтори она што во последниве десет, 15 дена го гледаме во оваа собраниска сала.

**Љубиша Георгиевски:** Контрареплика една минута господине Трјанов.

**Павле Трајанов:** Жалам што господинот Адеми не ја разбрал мојата дискусија, поготово што јас отворив дилема околу тоа, припадниците на полицијата, значи работниците со посебни права и овластувања, па вклучително и оние вработните во Агенцијата за разузнавање и во некои други битни институции, значи, јас се залагам да се проучат можностите тие да не можат да бидат членови на политички партии. Да не биде споива функцијата полициски службеник со членување во политичка партија како што тоа е определено и за оние што го гонат криминалот и оние што го пресудуваат, значи јавниот обвинител, обвинителите и судиите. Тоа беше мојата заложба.

Инаку, околу обезбедување на консензус, на тоа работиме и мислам дека полека се движиме кон поголем консензус без разлика од дневно политичките изјави на претставниците на некои партии застапени во Парламентот.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика три минути, Теута Арифи.

**Теута Арифи:** Ви благодарам господине Георгиевски. Сакам да реплицирам во однос на неколку насоки на излагањето на господинот Трајанов. На почетокот рече дека ние кои расправаме и дискутираме сме го прочитале поинаку законот, пак сега го читаме поинаку. Се плашам дека грешите бидејќи како што сме го читале и како сме расправале во однос на Законот за полиција во прва фаза на иста линија пратениците на ДУИ и ПДП ги подржуваат своите дискусии. Се плашам дека пратениците на ВМРО ДПМНЕ се тие кои ги изменија своите дискусии. Би ви сугерирал да ги земете стенографските белешки, како што ги земав јас и да ги прочитате дискусиите во прва фаза на предлог законот и да видите дека дискусиите на госпоѓа Бонева, дискусите на госпоѓа Лалчевска, дискусиите на многу други пратеници од опозицијата во тоа време се многу слични со нашите дискусии. Разликата е во тоа дека ние сме конзистентни и доследни и ги поддржуваме тие ставови, а вие сте го промениле вашиот став. Заради оваа причина во однос на доследноста бидејќи мислам дека овие начела се начела кои важат и за времето кога сте во поизиција, а и кога сте во опозиција.

Второто прашање е во однос на концептот, или тоа што го кажавте и го промовиравте во однос на децентрализацијата на полицијата во смисла дека ние говориме според вас не се предвидува со Охридскиот рамковен договор.Сакам да кажам

дека децентрализацијата е лајт мотивот и филозофијата на Охридскиот договор. Времетраењето на расправите кои ги имавме во однос на децентрализацијатаво минатиот мандат говори во оваа насока.Заради оваа причина уште повеќе треба да имаме еден поквалитетен ангажман за целосна децентрализација на сите системи, а и на полицискиот систем. Уште повеќе доколку општата филозофија е ова да биде сервис на граѓаните, ова се врши најдобро преку еден ефикасен процес на децентрализацијата.

И сосема на крајот, вие рековте,  повикавте консензусот да го гледате како консензус да и се приклчи и демократската унија за интеграција и ПДП. Но,не ни кажавте зошто не повикувате бидејќи од искуството кое го имаме во текот на расправата не гледаме политичка волја за да им одговорите на многу јасните политичкии барања кои се јасни политички барања, а не само еден разговор, или желба за опструкција како што сакате да го прикажете сето ова.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Јас ги проучив стенографските белешки. Мислам дека во основа за она што се залагале само околу формирањето на нов сектор во Струга, или пак децентрализација во смисла на издавање на лични карти од страна на полициските станици, пасоши, јас не видов дека е водена расправа таква каква што се водеше сега по голем број на амандмани во општиот претрес. Инаку, сигурно дека ако сакаме да бидеме доследи, реков дека и не треба околу тоа сега да спориме. Доследноста е во тоа што ВМРО ДПМНЕ и другите партии од коалицијата се сложивме да прифатиме еден проект кој е подготвен и кој имаше виза и сеуште има виза и од Советот на Европа и од претставници од експерти на ЕУ, и тоа беше главниот мотив да го подржиме во целина овој законски проект.

**Љубиша Георгиевски:** Садула Дураку, реплика три минути.

**Садула Дураку:** Ви благодарам.

Јас сум нов пратеник и не ги знаеме работите вака како одат. Со внимание го сослушав бившиот министер за внатрешни работи Павле Трајанов, кој што бил порано министер кој што во својата дисксија рече дека нашите дискусии се популистички. Јас одговорно велам, ниту една популистичка дискусија немало од страна на Демократската унија за интеграција, освен што беа реални дискусии  кои се однесуваат на оваа држава. Популистичка дискусија се нарекува што се дискриминираат албанците во однос на јазикот во полицијата? Популистичка дискусија е она што на албанците им се негира правото во своите општини да имаат полициски станици со проширени надлежности?Јас со факти зборував господине Трајанов, дека општина Липково има 29 клјади жители и нема полициска станица. Додека Валандово има 11 илјади и 890 жители, има полициска станица со проширени надлежности. Виница има 19 илјади 130 жители, има полициска станица, Кратово со 10. 440 има полициска станица. Дали е ова популистички говор што се дискриминира албанскиот дел, албанската заедница. И, побарав уште еден регионален центар да има во Куманово за гранична полиција. Затоа што Куманово со околината вклучувајќи ги и другите општини се граничи со Косово, со Србија и Бугарија, а централната единица да биде во Скопје. Ова е неразбирливо. Мислам дека и државата ако одиме по логијата на тоа дека државата навистина многу троши, но мораме да бидеме прагматични и навистина треба да бидеме прагматични.

**Љубиша Георгиевски:** Павле Трајанов една минута.

**Павле Трајанов:** Па, еве, околу јазикот тоа беше од повеќемина кажано дека прашањето на употребата на јазикот ќе биде решено со друг закон. Инаку, добро е за тоа за што се залагаа, покрај македонскиот во тие средини да се познава и албанскиот јазик, уште подобро е да се познава и англискиот јазик и на тој начин полесно ќе се остварува комуникацијата и со сите оние што престојуваат во Република Македонија. Но, тоа прашање ќе се реши во Законот за употреба на јазиците.

Инаку, дали и каде треба да се формираат седишта на регионалните центри за гранични работи, реков дека тоа повеќе е техничко прашање, отколку политичко и дека има некое битно влијание на односите каде што се тие лоцирани. Дали тоа ќе биде во албанска, македонска средина и тн., мислам дека тоа е апсолутно небитно прашање околу тоа да се спори.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика од 3 минути има Зумрете Јакупи.

**Зумрете Јакупи:** Мојата реплика е во однос на излагањето на господинот Павле Трајанов кој рече дека се врши опструкција на овој закон за полиција. Јас мислам дека опструкција на Законот не е од наша страна, туку опструкцијата доаѓа од предложениот текст на овој закон, кој е многу дискутабилен, поради содржината која е во овој закон и е многу проформален и површен, би рекол, овој текст без јасни детали и утврдувања, со аномалии, кои се трудиме ние како пратеници да ги изнесеме на површина и да укажеме на тие недостатоци, со една цел да се направат навремени интервенции на овие недоречености во насока на донесување на еден закон кој ќе биде вистински целисходен и правичен закон кој ќе ги исполни сите реформски стандарди, евроатлански каде ние стремиме и да ги исполни гаранциите од Охридскиот рамковен договор на начин да биде што поблиску до придобивката на взаемната доверба за соработка од страна на сите граѓани, без разлика на националноста. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика господин Павле Трајанов една минута.

**Павле Трајанов:** Во моето излагање реков дека некои законски одредби отвораат одредени дилеми и дека тие можат на најдобар можен начин да бидат амортизирани со подзаконските решенија, кои што ќе ги носи министерот за внатрешни работи, поготово што овој закон ќе стапи во сила или ќе почне неговата примена после една година. Во таа една година министерот за внатрешни работи има доволно време сите подзаконски акти да ги донесе, да ги усогласи, дури да побара за некои решенија и политичка и експертска помош и од партиите, но пред се и од експертите, вклучително и експертите од меѓународните организации претставени во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Рафис Алити има три минути реплика.

**Рафис Алити.** Ви благодарам.

Навистина господин Трајанов и од искуството што го има во органите за внатрешни работи не случајно допре неколку теми кои што се однесуваат со Предлог-законот. Во текот на дискусијата се обиде на пратениците на ДУИ фактички да им реплицира за нивниот приод што го имаа во нивните дискусии. Но, вие господине Трајанов, но и останатите, жалам, ги покажувате своите неспособности и како парламентарни групи, затоа што овие забелешки што вие ги направивте требало да ги создадете, да ги формулирате како амандмани, но ова не го направивте само заради претставувате еден политички субјект односно да обвините некој политички субјект, еве прави опструкции во однос на Предлог-законот кој што е пред нас пратениците. Велам дека ние кои што дискутираме и имаме конкретни забелешки и ние сме конструктивни и излегуваме со конкретни предлози, забелешки кои што треба да ги има предвид претставникот на Владата. И, она што го рекоа претходните говорници ние го имавме и вчера овој став и денес го имаме истиот став, што не се однесува и на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Кога беа во опозиција имаа поинаков приод, а сега во опозиција имаат друг приод. Не е точно дека Предлог-законот има поддршка и од меѓународната заедница. Вие можете да ги прочитата забелешките на Хелсиншкиот комитет и на ОБСЕ и тн, вие говорите за државјанствата во времето на Бивша Југославија дека биле давани преку месни заедници, полициски станици и тн. Сигурно дека тогашната регулатива ја познавате многу подобро, отколку оваа што ја имаме денес. Се разбира, државјанството се издава од централата, а имало и злоупотреби околу целата оваа работа, а пред се, од 1990 година наваму, но албанците се тие кои што најмногу страдале во оваа насока. Велите дека не е битно каде е центарот. Тогаш, зошто Охрид е центар и на Секторот за внатрешни работи или полициски сектор кој што ќе делува таму, но и центар или седиште на менаџирање со границите. Не може да биде Кичево, кое што ги исполнува сите услови или пак Струга не е од такво значење. Вие зборувате една невистина, Струга ги исполнува сите критериуми да биде центар, од аспект на бројот на жители или пак сообраќајниците, што значи сите услови ги исполнува но само таму можеби има албанци и неможе да биде седиште во Струга или во Кичево. Вие сакате сите овие дискусии да ги направите ирелевантни, затоа што не биле од големо значење, ако не е големо значењето тогаш треба да промениме во овој Предлог-закон и тогаш можеме да зборуваме за некој си политички консензус, за што ќе ве поддржиме и ние.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Павле Трајанов, реплика од една минута.

**Павле Трајанов:** За да бидеме доследни на она што сите го зборуваме и сите се залагаме, значи ДУИ не поднесе амандмани на законскиот текст. Ако тие навистина се залагаа за одредени подобрувања на голем број на решенија во овој закон, за кои отворија расправа но по амандмани на други предлагачи, беше добро и тие да предложат, да водиме расправа. Тие тоа не го направија, а ние се знае зошто не го направивме, пред се, заради тоа што овој законски проект беше прифатен од претходната влада и беше условена новата влада дека ќе се гласа сама ако нема некои битни промени.

Инаку, околу државјанствата, мислам дека бев сосема јасен и дека во сите држави централните институции одлучуваат кој може да стана државјанин во одредена држава. А, дали е можно регионалниот центар за гранични работи да биде лоциран во Струга или треба да остане во Охрид, јас реков дека тоа не е битно. Битно е дали тој центар, каде што е лоцирано седиштето располага со се она што е неопходно за да се обезбеди интегрално гранично управување. Мислам дека Охрид такви услови исполнува.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Завршивме со овој турнус на реплики.

Збор има госпоѓата Теута Арифи.

**Теута Арифи:** Ви благодарам.

Почитувани дами и господа пратеници,

Дозволете ми мојот говор во однос на нашите ставови по однос на текстот на законот над се кои се ставови јасни и политички и политички аргументирани. Да почнам со еден збор кој ми остави впечаток, посебен впечаток, секако тоа е говорот на бившиот претседател на Америка Френклин Рузвелт даден четири дена по давањето на неговото ветување дека ќе направи еден арсенал на демократијата. Неговиот говор е со наслов Четирите слободи и тој на еден специфичен начин прави една листа на четирите клучни слободи. Првата е слободата на изразот и говорот. Втората слобода е слободата на секој за да го возвиши господ на свој начин секаде во светот. Значи, слободата на религијата. Третата слобода е слободата од потреба. Што подразбира, ја разбира смислата или економската стратификација на слободата. И,

четвртата слобода е таа која во однос на ова за кое расправаме денес, а таа се вика слобода од страв, што подразбира редукција на заканите, на безбедносните закани. Зошто да не кажеме дека кога зборуваме или расправаме за полицијата за еден Предлог закон за полиција, што е една голема политичка дебата односно би била поголема политичка дебатал во секој Парламент, не само кај нас, да не расправаме за новата смисла на полицијата која се претендира во стратегијата за реформи во полицијата. Стратегијата за реформи во полицијата дава една смисла и една нова дефиниција во однос на полицијата. Имено, тука се говори за подигнување на нивото на ефикасноста токму на самата полиција.

Во точка 7 од стратегијата за реформи во полицијата се нагласува посебно функцијата на полицијата како еден сервис на граѓаните. Исто така, во оваа стратегија се вели дека полицијата во едно демократско општество треба да се трансформира од една сила која се користи во општеството, во една служба или услужно тело на општеството преку интеграцијата во граѓанското општество и нејзиното приближување во јавноста. Исто така, се говори за еден облик кој се вика коњутининг политинг или полиција на заедницата, која за цел, главно има соработка со граѓаните и помош на граѓаните која треба да им ја укажат на овој сервис.

Шестата точка на оваа стратегија говори за првичната и соодветната застапеност. Тековно во оваа стратегија се вели дека Охридскиот договор промовира усогласен развој и мировен на граѓанското општество. Почитувајќи го етничкиот идентитет и интересит на сите граѓани, секако.

Дами и господа пратеници, дискусиите на парламентарната група ДУИ-ПДП не се каприц и не се водат поради некој инает, туку напротив желба за да може во овој закон да ги видиме овие дефиниции многу јасни и кои ние посебно нас ни се допаѓаат на оваа стратегија за реформи во полицијата. И оваа желба и оваа ориентација за реформи треба да се докаже токму преку Предлог-законот за полиција.

Општите забелешки кои ги укажавме во однос на овој Предлог-закон се забелешки кои се во однос на неколку општи концепти и поради оваа причина не поднесовме амандмани, бидејќи сметаме дека нашите разлики или нашите несогласувања со овој закон се концептуални, се подлабоки и бараат разговори, вистински политички разговори, а не само амандмански интервенции, кои мислиме дека нема да бидат доволни за да го изменат тоа што сакаме да го видиме да се измени вон овој закон. Мислам дека тоа е од интерес на сите граѓани во Република Македонија, без разлика на етникумот.

Во општите забелешки сметаме дека Предлог-законот не е одржлив основ за да изградиме еден реформски безбедносен систем кој се бара од нас со меѓународни стандарди. Ние сметаме дека Предлог законот не ги рефлектира одредбите од Охридскиот рамковен договор. Ние сметаме, како што кажав малку претходно дека Предлог-законот не е во согласност со стратегијата за реформи во полицијата, стратегија која е објавена во февруари 2004 година и истовремено не сме задоволни со фактот дека не се уредува официјалната потреба на албанскиот јазик, без оглед дека ова прашање, како што се рече од многу дискутанти, ќе може да се уредеи со еден посебен закон. Но и покрај се ние би сакале и мислиме и сме убедени во тоа дека ова прашање би требаоло да го најде своето место токму во овој закон. Истовремено, сметаме дека нивото на односите на нашата земја со ЕУ претрпеле еден доволен пораст, кој пораст на односи по потпишувањето на Спогодбата за стабилиација и асоцијација и по стекнувањето на статусот кандидат во Европска Унија бара длабока реформа на повеќе системи, опфаќајќи го токму и полицискиот систем. Истовремено, како парламентарна група на две парламентарни групи сме ангажирани длабоко за нашето членство во Европската Унија. Сакаме нашите дискусии да се сватат како добронамерни и на ниту еден момент како настојување за да го стопираме овој процес, бидејќи ние сме убедени дека овој процес е од интерес за сите граѓани.

Би сакала да направам осврт на неколку делови од Предлог-законот за кои имам забелешки и за кои имам свои укажувања. Во прв ред, се работи за член 9 со кој се дефинира начинот како се информира Парламентот на нашава земја во однос на активностите на Министерството за внатрешни работи. Сметаме дека Парламентот како највисока државна институција во која би требало и обезбедува поголема транспарентност на работата на извршниот систем, би требало да има едно попочитувано место во Законот за полиција. Најмалку би требало да стои дека Министерството за внатрешни работи на редовен начин го информира Парламентот на Република Македонија, а не по барање на работните тела на Парламентот.

Мислам дека димензијата на поголема взаемна контрола од страна на Парламентот, токму на институциите каква што е Полицијата, сите тие му служат на сите граѓани и на безбедносните процеси во однос на транспарентноста.

Членот 8 е член за кого што вреди да направиме еден осврт, да расправаме во однос на овој член, бидејќи се работи за дефинирање на начинот на поднесување на жалби во Полицијата, посебно во состојби кога Полицијата ги пречекорува своие овластувња во однос на разните случаи.

Сметам дека во оваа насока би требало подобро да се дефинира адресаста, местото, секторот што треба да обезбеди, односно да го обезбеди граѓанинот дека неговите претставки нема да се загубат или ќе се разгледуваат со голема сериозност.

Аргументи за обезбедување добра и ефикасна линија на поставките на претставките, за пречекорување на надлежностите на полицијата

не мислам дека е прашање што не засега само нас, само немакедонските граѓани. Но, мислам дека е тоа прашање што ги засега сите граѓани. Ова особено во однос на значјниот момент на целосно почитување на правата и слободите на граѓанинот. Уште повеќе, кога говориме за една институција што во себе го има и апаратот на присила, го има апаратот на употреба на сила. Ова е причината зошто инсистираме на поцелосна транспарентност на постапките и поцелосно обезбедување на претставките, доколку се прекршат нивните граѓански права.

Доколку во овој Парламент ние нема да расправаме за законот за полиција, доколку расправавме за една друга институција чии претставници немаат револвери кои можат да ги употребат, немаат гумена палка која имаат право да ја употребат, ние сигурно немаше да расправаме на овој начин. Но имајќи го предвид фактот дека се работи за една чувствителна институција која го има и апаратот на употреба на сила, но истовремено треба да ја стесни употребата на сила во интерес на демократските процеси, да ги балансира двете работи и да го има предвид фактот во однос на функционирањето на овој апарат во мултиетничките држави, во земји каде што сеуште не е обезбедена политичка и економска стабилност, ова е причината зошто толку многу расправаме во однос на оваа тема.

Еден од членовите кој за нас е од интерес е членот 17 во кој се говори за началникот на централните полициски служби, кој го назначува министерот. Истовремено, мислам дека овде не е јасно утврдено која е вистинската форма на назначувањето на овој началник и истовремено не е дефиниран до крај мандатот и времетраењето на работењето на овој началник. Мислам дека јасноста и прецизноста во текстот ќе помогне многу работи да бидат посигурни и помалку нејасни за да може на овој начин да се обезбедат транспарентни и демократски постапки.

Исто така во членот 19, на директорот на Бирото за јавни служби му се дава право за посебни случаи дефинирани со овој член да формира полициски единици и сметаме дека сето ова може да биде проблематично.

Во однос на формирањето сектори моите претходни говорници од мојата парламентарна група, а што се предвидува со членот 20, искажаа свои забелешки во однос на прашањето на распределбата на секторите. Нашето несогласување во однос на формирањето на секторите во прв ред е заради дисбалансот во однос на бројот на сектори, бидејќи често пати сектори или потсектори се формираат во места кои имаат помалку жители и се запоставуваат делови, градови, општини ии подрачја кои имаат поголем број жители. Ние сакаме да веруваме дека и покрај се ова е едно стручно настојување, но сакаме да не разберете кога во самиот текст изгледа малку тенденциозно кога токму овие сектори главно се концентрираат во делови каде има помалку албанско население. Дозвелете ми ова да го разбереме како тенденциозно, бидејќи доколку би била теоријата на целосна рамноправност, тогаш нема да биде проблематично каде ќе биде центарот на еден сектор или доколку имаше еден сектор помалку или еден сектор повеќе.

Еден од другите елементи кој според нас го засега проблемот на децентрализацијата е членот 25, во кој се говори дека оппштионскиот совет дава предлози до командирот на полицијата и дали ќе се земат предвид или нема да се земат предвид предлозите останува во овластувањата на надлежното лице. Ние сметаме дека е една вистинска филозофија или смисла на приближувањето на полицијата до граѓаните токму безбедноста на една поефикасна соработка на полицијата со општинските органи на власта, поаѓајќи од фактот дека ние длабоко влеговме во процесот на вистинска децентрализација, имајќи го предвид фактот дека општините се повеќе имаат компетенции за одлучување, сметаме дека обезбедување на една ефикасна соработка меѓу општинскиот совет и командирот на полицијата не само што ќе обезбеди поголемо учество на самите граѓани и помош од страна на граѓаните во создавањето на безбедносни услови, но истовремено ќе помогне и во однос на демократизацијата на вредностите и демократизацијата на пристапот кој граѓаните го имаат во однос на полицијата.

Еден од елементите кој исто така е проблематизирано прашање од аспект на правата на човекот се членовите 43 и 45. Тоа е во врска со моментот на повикување на информативен разговор. Така наречениот информативен разговор е едно лошо минато за нас и добро е што се претендира да се регулира со закон, треба да се уреди што подобри и појасно на начин што помалку тоа што се вика информативен разговор да се идентификува со злоупотреба или пречекорување на овластувањата. На пример, во членот 45 се вели дека полицискиот службеник е овластен да повика и усно лице или на друг начин за информации во полицијата. Сметаме дека правото за да се повика некој на разговор и тоа усно е проблематично, бидејќи не осигурува една поголема безбедност на повиканиот граѓанин за да ги знае не само причините, туку за да се обезбеди самиот себеси поради кои причини треба да помине неколку часови во една полициска станица.

Аспектот на снимање на прислушкување, кој исто така се предвидува во еден од членовите, мислиме дека е исто така тема од посебно значење која треба да се уреди, но треба да се има предвид фактот оваа материја да се уреди со законот за следење на комуникациите, кој е дел од дневниот ред на овој Парламент и истовремено сметаме дека би требало таа материја да се уреди најнапред во тој закон и понатаму да се усогласи со законот за полиција. На овој начин овде се дава едно решение кое

сеуште не е покриено со другиот закон кој треба да ја покрие оваа материја.

Истовремено за нас од посебно значење е, кога говориме за вредностите на Охридскиот рамковен договор, моментот на правична и соодветна застапеност предвидена во членот 96. Членот 96 говори за правичната и соодветна застапеност како една од значајните формулации на практикување или имплементација во пракса на Охридскиот договор. Сметаме дека одредбите со кои се уредува прашањето на правичната и соодветна застапеност би требало да бидат облигаторни, а не само прашања на политичка волја или само на волја. Сметаме дека имајќи повеќе облигациони одредби на правичната застапеност ќе го обезбедиме моментот полицијата да се чувствува како една институција или еден орган кој се грижи рамноправно за сите граѓани.

Исто така, доколку навистина сакаме да изградиме стандарди на елиминирање на дискриминацијата во иднина, било преку закон или на друг начин, но по се изгледа дека преку овој закон нема волја да се изгради потолерантен пристап и посмислен во однос на етничките заедници, на посебен начин кои се вулнерабле во полициските процедури. Во овој случај говорам за ромската етничка заедница, бидејќи за жал односите на Хелсиншкиот комитет и разните извештаи во однос на полициската пракса - жалам само тоа што го видовме на телевизија пред неколку дена, што беше многу ужасно, кога две деца се малтретираат еден со друг, како што се рече во медиумите, во една од полициските станици-говори за тоа дека толерантниот пристап или разбирливиот пристап во однос на етничките немнозински заедници би требало да биде една филозофија и дел на една нова смисла токму на полицијата.

Во моментот или кога се говори за правичната застапеност постои и еден пасус во кој се вели дека се зема предвид и половата застапеност односно рамноправно учество на жените во полициските структури. Јас би сакала да подвлечам уште во овој говор, бидејќи облигациониот момент треба да се земе предвид и да има свое место во однос на правичната застапност на етничките заедници, треба да има место и правичната застапеност на жените во сите полициски институции. Зошто го велам ова? Концептот на изградбата на демократски општества е концепт кој би требало да обезбеди целосна полова расмноправност, но е и нешто друго. Имено, треба да обезбеди поголемо присуство на жените во институциите што се идентификуваат со силата или во минатото се идентификувале со насилство, а истовремено се идентификуваат со еден значаен момент во контролирањето на овие процеси. Воспоставање на повеќе позиции, надежни позиции за жените во овие професии, наречени атипични за жените уште повеќе ќе влијае во создавање на Полиција во европска смисла. Тоа, уште повеќе кога полицијата со своите овластувања е повикана да интервенира и во случај на семејно насилство и во случај на процедури од таа природа кога е потребно вистинско разбирање, во смисла на вистинско модернизирање на општите односи.

Би сакала, како куриозитет да се навратам на говорите во првата фаза околу овој Предлог на закон дадени од нашите колеги пратеници токму по однос на Нацртот. Со посебно задоволство сакам да кажаме дека сето ова што го кажав е идентично со говорот што го одржа почитуваната колешка Силвана Бонева по повод првата фаза од Предлогот на закон.

Како што реков и јас во однос на следењето на комуникациите, приближно истото го кажа и таа во своето излагање. Како што говорев и јас во однос на прашањето по однос на информативните разговори, истото го кажала и таа во нејзиниот говор. Како што говорев во однос на начелата за заштита на правата на граѓаните и пречекорување на полициските овластувања, истото го кажа и таа во нејзиниот говор. Со жалење можам да констатирам и би сакала да видам, најмалку од оние кои говореа во оваа насока, од позиција на мнозинство, од една позиција на вистинско влијание, од позиција на тие вредности, да успееја тие вредности да ги воведат во овој Предлог на закон, па тогаш сигурно ние ќе размислувавме да го поддржиме или не овој предлог на закон.

За жал, мнозинството воопшто не не провоцира, најмалку со некоја есенцијална измена во однос на овие работи што ги искажавме. За жал, не се покажа политичка волја, воопшто, за да се вклучат овие елементи што се кажаа во однос на Охридскиот рамковен договор и целосното почитување на правата на граѓаните.

Почитувани колеги од парламентарното мнозинство, јас не мислам дека смислата во однос на полицијата во однос на демократизација на постапките во полицијата и демократските напредоци би требало да се разликуваат во зависност од тоа дали сме во позиција или сме во опозиција. Во парламентарното мнозинство или не во парламентарното мнозинство. Да расправаш за измени на менталитетот, што е тешко во транзиционите општества е прашање на вредност, е прашање на смисла, а не е прашање на позиција или опозиција.

Сакам да привршувам и да кажам дека некому можете да земете на сила нешто, да го принудите, но не можете со сила да му дадете. Ние, пратениците на ДУИ и ПДП сакаме да дадеме наш сериозен придонес во однос на овој закон, бидејќи тука се гледаме себеси и нашите граѓани. Сакаме да го дадеме нашиот придонес во еден подемократски процес, бидејќи мислиме дека е од големо значење за сите нас.

Но, почитувани господа од парламентарното мнозинство, тоа не можеме да го дадеме со сила ако нема политичка волја за ова. Ние можеме да расправаме и да ги искористиме парламентарните постапки, што и ќе го направиме, но со принуда не можеме да ви го

дадеме ниту најдоброто од нас доколку вие тоа не го сакате.

Така како што почнав, да завршам со некоја реченица од попаметни луѓе од нас, кои можеби поминале поинтересни мигови во нивните политички системи. Ова е говор што го држал лордот Дирекент во Англискот парламент од конзервативната партија на 11 март 1906 година. Неговиот говор има познат наслов со кој што укажува на Владата. Тој завршува и вели:"сакам да и укажам на Владата на тоа дека луѓето од оваа земја нема да и простат ниту ќе и заборават на партијата што во големата еуфорија на својот триунф го оспорува и игнорира другиот кој сака да даде малиу повеќе, кој сака да понуди нешто позитивно", нешто што и ние сакаме да дадеме нешто повеќе, а тоа не можеме да го направиме. Тој вели дека тоа со векови е градено во нивната империја. Дека ние немаме векови да градиме или да сме ги граделе овие работи. Ние имаме демократија само 15 години, со што треба да се гордееме.

Но, истовремено, во овие демократски процеси треба да ги слушнете и оние кои некогаш сакаат да дадат повеќе. Ве повикувам госпоѓо Јанкуловска, почитувана господо од парламентарното мнозинство по можност да размислите, добро да размислите, да го повлечете овој закон, не дека ние сакаме да се искажеме и излеземе како победници, бидејќи времето на празни триумфализми помина. Но, поради фактот дека нашите граѓани мислиме дека заслужуваат повеќе и заслужуваат подобар закон за полиција. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Пред да дадам реплика, ќе ми дозволите само 30 секунди да појаснам некои работи, без да се впуштам во полемика или во реплика со никого од присутните.Заради јавноста, да образложам некои поими.

Прво, поимот мултиетничност, мултиетничка земја одговорно тврдам дека нема ни 3% немултиетнички земји во светот, ако воопшто ги има. Прелистајте во главите и најдете една. Според тоа, нашата земја не треба да се третира како исклучок, туку како правило. Мултиетничноста не претставува аргумент во нашите дискусии. Тоа е нешто што е еоипсо.

Второ, поимот на слободата, поимот на слободата има своја генеза уште од стара Атина и значел "заштита" на својот сет на вредности против наездите на Ксеркси, Дариј од Исток, азијатските наезди. Значи, слободата е заштита на своите вредности. Луѓе кои не го разбираат ова се чудат кога еден американец ќе рече дека војува за слобода во Ирак. Денес ако ви рече американец Фридам, значи заштита на неговите вредности, на ништо друго.

На крај, во однос на полицијата дури и во најлибералните прирачници по филозофија во доменот на англискиот јазик синоним за полицијата е (на англиски) присилно извршување на законот.

Сметав за добро ова да го разјаснам, не на вас, вие сето ова го знаете, но јавноста која не гледа.

(Пратеникот Теута Арифи бара реплика).

Не мислев да отворам реплики, после ќе се слушнеме, повелете, но Лалчевска прво се јави на вас да ви реплицира, а јас ќе ви дадам реплика само не мислев на вас, мислев на некои воопштени работи.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Колеги пратеници би сакала, пред мене е стенограмот од расправата кога се расправаше по Предлог законот и би сакала сега за потсетување на јавноста, а пред се на мојата ценета колешка Теута Арифи, да ја потсетам за моето излагање тогаш и мојот став сега и самата ќе увиди дека нема никаква разлика. Јас и тогаш и сега принципиелно сум постапувала.

Веднаш ќе поминам на она што било моја забелешка на законот. Сум дала забелешка на членот 6 во кој сум барала овој член да се избрише, бидејќи истиот го има во еден друг закон.

Сум дала забелешка на членот 7 каде сум барала асистенцијата на полицијата да се прошири и со асистенција на извршителите и на управните органи. Истото тоа е веќе сторено.

Сум дала забелешка на членот 11 каде сум барала полицијата да соработува, пред се, со граѓаните понатаму со сите државни институции. Погледнете го колешке Теута сега е членот 11, тоа е веќе сторено во овој текст на закон.

Сум побарала во членот 15 - транспарентна постапка да значи пропишана постапка, за жал, оваа забелешка не ми била прифатена, сега е тоа членот 17.

Сум побарала во членот 99 тогашен, сегашен 104 за дополнителната работа на полициските службеници да се прецизира дека не можат да се бават со дополнителна работа која има врска со нивната изворна професија. Истото сега е сторено во членот 104.

Тоа се некои од забелешките кои јас тогаш сум ги изнела и сум дала поддршка на Предлог законот.

Како што гледате, од она што го прочитав и што го кажав, поголемиот дел се една забелешка, се прифатени, констуктивно се внесени во законот и сега јас немам причина зошто да не го поддржам овој закон. Тогаш сум била принципиелна, сум ценела дека е потребен таков закон, сум дала поддршка иако сум била опозиција и сега исто така констуктивно прифаќам дека не можат да се земат во предвид сите мои забелешки ниту сите забелешки на пратениците ценејќи дека изготвувачот на законот ги прифатил оние кои се реални и издржани и ги внесол во Предлог текстот и затоа немам причина да не го прифатам.

Значи, не сум била непринципиелна и како опозиција и како власт, а вие во меѓувреме погледнете го членот 96 од текстот и ќе видите дека еднаквост на половите е внесена, тоа е

единствено во овој закон до сега, одредба со која јас навистина сум горда. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, дали има контра реплика?

Една минута за Теута Арифи, една минута.

**Теута Арифи:** Што се однесува до конзистенцијата во мојот говор не ја потпирав на празни нешта, туку токму на она што е кажано, што го спомнавте и вие, што се однесува до членот 15, за транспарентноста, ние дебатиравме цел ден, беше јасно дека тоа не е вклучено во законот.

Второ, што се однесува до членот 22 во кој рековте дека не можете да се согласите да се даде можност полицијата да снима собири особено политички и синдикални. Тоа го кажавте, меѓу другото, не сакам Парламентот да го направам судска процедура, туку конзистенцијата, доследноста би била да се разговара на сите нивоа.

Да реплицирам минута на вас?

**Љубиша Георгиевски:** Апсолутно, повелете една минута контра реплика.

Да го третирам како реплика?

**Теута Арифи:** Никако, туку како контра реплика.

Цитатите што ги земав и во однос на Франлин Деланор, Рузвелт и другите најпрвин ги земам секогаш затоа што сметам дека понекогаш туѓото искуство што е подолго е добро да ни дојде на помош.

Концептот на слободата како една од најстарите концепции развиен во однос на креирањето на човековиот субјективитет и неговиот дигнитет, мислам дека апсолутно се поврзува и е идентичен со моментот на праведноста на државата, но не секогаш полицијата треба да биде идентификувана со моментот на насилно реализирање на поредокот. Напротив, тоа демократски може да се направи исто така демократски да се контролира. Тоа е постулат на демократијата.

**Љубиша Георгиевски:** Совршено се согласувам со вас.

Сега предлагам уште еден да добие збор, а како што знаеме во 17,00 часот треба да почнеме нова седница. Само еден момент, имајте трпение, господине Положани.

Значи, ако имате реплика на некого кажете на кој?

Повелете една минута, а после тоа господине Незири вие сте на ред за збор, дали ќе ви биде доволно 12 минути сега или ќе говорите 12 минути, па да прекинеме, па утре да продолжите. Кажете како најдобро ви одговара.

(Пратеникот Незири од место без вклучен микрофон не сака да дискутира денеска, не сака да ја дели дискусијата, туку сака во една целина).

Затоа ве прашав за да не се лутите оти ќе ве прекинам во 17,00 часот.

Повелете господине д-р. Положани една минута.

**Азис Положани:** Благодарам. Претседателе, јас би сакал во однос на вашата последна реченица и суштината на нашата дебата поврзана со истата.

Точно е тоа кога се работи за полиција и закон кој ја уредува полицијата, се работи за законско употребување на сила од страна на државен орган. Не само поради тоа, но поради тоа воглавно потребна е широк политички и етнички консензус затоа што таа сила мора да биде легитимирана преку дебата и преку поддршка. Ако не е така, тогаш таа сила ќе биде доведена во прашање или ќе се компензира на друг начин поради несоодветната политичка подршка што е дадена тука.

Затоа ние инсистираме за широка и политичка и етничка подршка за да не се дојде до оспорување на законските спроведена процедура со законот каде предвидува спроведување на законска сила. Тука е суштината на нашата дебата господине претседателе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Потполно се согласувам.

Сега, ве молам, 10 минути пауза.

Ги молам пратениците да се потрудат точно во 17,00 часот да бидат на своите места, бидејќи за почетокот на следната седница број 11 ќе ни треба кворум. Не сум сигурен ако не се собереме сите дали ќе имаме кворум.

Затоа ве молам овие 9 минути исползувајте ги, нека видат координаторите да направиме кворум, да ја завршиме таа 11-та седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина во 16,51 часот)